ООУ - ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ
Скопје

ул.Доситеј Обрадовиќ бр. 18 Скопје, Македонија
тел: ++ 389 2 2770 719, фах: ++ 389 2 700 150: e-mail: partenija@t-home.mk,

# *САМОЕВАЛУАЦИЈА*

## ООУ „ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ“, КИСЕЛА ВОДА – СКОПЈЕ

## <u>2017 - 2019 год.</u>

## *СОДРЖИНА*

**ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО** .......... 5

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ** .......... 5

**СПИСОК НА ГРУПИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА** .......... 8

**Подрачје 1 ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО** .......... 11
Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми .......... 16
Индикатор 1. 1.2. Квалитет на наставните планови и програми .......... 22
Индикатор 1.3. Воннаставни активности .......... 24
3.1. Планирање на наставниците .......... 31
3.1.3. Размена на искуства и информации при планирањето на наставните програми .......... 35
3.2 Наставен процес .......... 42
3.2.1. Наставни форми и методи .......... 42
3.2.4. Приодот на наставникот кон учениците .......... 46
3.2.5. Следење на наставниот процес .......... 46
3.2.1. Наставни форми и методи .......... 49
3.2.3. Интеракција меѓу наставниците и учениците .......... 55
3.2.4 Приод на наставниците кон учениците .......... 58
3.3.Искуства на учениците од учењето .......... 61
3.1 Средина на учење .......... 61
3.3.2 Атмосфера за учење .......... 61
3.3.4. Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните во училиштето .......... 63
3.3.1. Средина на учење .......... 64
3.3.4. Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните во училиштето .......... 69
3.4. Задоволување на потребите на учениците .......... 70
3.4.1. Идентификување на образовните потреби на учениците .......... 70
3.4.2. Почитување на различните потреби на учениците во наставата .......... 71
3.4.1 Идентификување на образовните потреби на учениците .......... 72
3.5. Оценувањето како дел од наставата .......... 76
3.5.1. Училишна политика за оценување .......... 76
3.5.3 . Користење на информациите од оценувањето во наставата .......... 77
3.6. Известување за напредокот на учениците .......... 81
3.6.1. Известување на родителите за напредокот на учениците .......... 82

Резултати: Кратко образложение на клучните јаки страни и слабостите ..... 86
Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето ..... 89
ПРИЛОГ ЗА ПОДРАЧЈЕ 1 ..... 91

**1. ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ ..... 92**

**2. ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ ..... 93**

**Подрачје 2 ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 96**
2.1 Постигања на учениците ..... 99
2.2 Задржување /осипување на учениците ..... 101
2.3 Повторување на учениците ..... 102
3.6 Известување за напредокот на учениците ..... 103
4.4 Следење на напредокот на учениците ..... 104
5.2 Промовирање на постигањата ..... 106
Обработка на прашалници ..... 107
Заклучоци од Подрачје 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 110
6.2 Наставни средства и материјали ..... 113
6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар ..... 119
6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар ..... 127
Клучни-јаки страни ..... 137
Слабости ..... 137
Анализа на резултатите: ..... 138
Идни активности: ..... 138

**Подрачје 4 УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ ..... 139**
6.5. Финансиско работење во училиштето ..... 141
ИНДИКАТОР 7.1 ..... 143
УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО ..... 143
Резултати: Кратко образложение на клучните јаки страни и слабостите ..... 154
Анализа на резултатите ..... 156
ИНДИКАТОР 7.2 ..... 158
ПРОЦЕДУРИ ЗА КРЕИРАЊЕ УЧИЛИШНА ПОЛИТИКА ..... 158
ИНДИКАТОР 7.3 ..... 161
РАЗВОЈНО ПЛАНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 161
ПРИЛОГ ЗА ПОДРАЧЈЕ 4 ..... 172

**Подрачје 5 КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ ..... 180**
I. Комуникација на ниво на училиште ..... 181

II. Комуникација на ниво на училница ........ 197
III. Комуникација со окружувањето на училиштето ........ 210
Клучни-јаки  страни: ........ 216
Слабости: ........ 218
Анализа на резултатите: ........ 218
Идни активности ........ 218

**ПОДРАЧЈЕ 6  УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА ........ 219**
5.1 ........ 221
Училишна клима и односи во училиштето ........ 221
5.3 ........ 227
Еднаквост и правичност ........ 227
4.1 ........ 231
Севкупна грижа за учениците ........ 231
4.2 ........ 236
Здравје ........ 236
4.3 ........ 238
Советодавна помош за понатамошно образование на учениците ........ 238
Резултати ........ 242
Клучни јаки страни ........ 242
Слабости ........ 243

**ПОДРАЧЈЕ 6 – УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА ........ 244**
Анализа на резултатите: ........ 244

**ПОДРАЧЈЕ 7 ........ 247**

**........ 247**

**СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА ........ 247**
7.1 Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница ........ 248
Анализа на анкетни прашања ........ 251
Клучни јаки страни ........ 257
Слабости ........ 257
Анализа на резултатите ........ 257
Идни активности ........ 257

## *ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО*

## *ОПШТИ ПОДАТОЦИ*

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | **Партенија Зографски** |
| адреса, општина, место | **Ул.Доситеј Обрадовиќ бр.18, Кисела Вода, Скопје** |
| Телефон | **02 2770 719 , 02 2771 753** |
| Фах | **02 2770 150** |
| е-маил | **partenija@t-home.мк** |
| основано од | **1958** |
| Верификација- број на актот | **15-1990** |
| Година на верификација | **1985** |
| Јазик на кој се изведува наставата | **Македонски јазик** |
| Година на изградба | **1958** |
| Тип на градба | **Тврда градба** |
| Површена на објектот | **4405 m2** |
| Површина на училшниот двор | **7378 m2** |
| Површина на спортски терени и игралишта | **1300 м2** |
| Училиштето работи во смена | **2 смени** |
| Начин на загревање на училиштето | **Централно парно** |
| Број на одделенија | **21** |
| Број на паралелки | **21** |
| Број на смени | **2** |
| **Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | **/** |
| **Датум на добиен статус** | **/** |

Самоевалуацијата во нашето училиште се врши врз основа на

ПРАВИЛНИКОТ

ЗА НАЧИНОТ И ОБЛАСТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ

НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ

УЧИЛИШТА

–донесен според член 149 од Законот за основно образование

(“ Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), од министерот за образование и наука.

**Самоевалуација – подрачја / области**

1. Организација и реализација на наставата и учењето
2. Постигања на учениците
3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар
4. Управување и раководење
5. Комуникации и односи со јавноста
6. Училишна клима и култура
7. Соработка со родителите и локалната средина

## *СПИСОК НА ГРУПИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА*

**Директор Стефче Василевски**

**Раководители на тимот:**
Марина Георгиевска - Крстевски (педагог)
Техничка поддршка: Јовица Ристиќ, Лидија Ристовска Атанасова

### Подрачје 1

| I Група | - ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО |
|---|---|
| **Одговорен наставник** | **Јасмина Стефаноска** |
| **1.** | **Весна Т. Унковска** |
| **2.** | **Валентина Неделкова** |
| **3.** | **Светлана Здравеска** |
| **4.** | **Марија Николовска** |
| **5.** | **Мартин Мартиновски** |

### Подрачје 2

| II Група | - ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|
| **Одговорен наставник** | **Александра Атанасовска** |
| **1.** | **Верица Николовска** |
| **2.** | **Соња Игњевска** |
| **3.** | **Весна Димова** |
| **4.** | **Соња Богатиноска** |

**Подрачје 3**

| III Група | ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДЕН КАДАР |
|---|---|
| **Одговорен наставник** | **Марина Трајковска** |
| **1.** | **Ирена Србиновска** |
| **2.** | **Јовица Ристиќ** |
| **3.** | **Софија Савинова** |
| **4.** | **Елена Бушоска Пацеска** |
| **5.** | **Тијана Спасовска** |

**Подрачје 4**

| IV Група | УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ |
|---|---|
| **Одговорен наставник** | **Горан Трифуновски** |
| **1.** | **Зорица Мартиновска** |
| **2.** | **Соња Здравеска** |
| **3.** | **Халед Никоски** |
| **4.** | **Катерина Н. Младеновска** |
| **5.** | **Софија Лазовска** |

**Подрачје 5**

| V Група | КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА |
|---|---|
| **Одговорен наставник** | **Лидија Р. Атанасова** |
| **1.** | **Соња Н.Крковска** |
| **2.** | **Радмила Чипан** |
| **3.** | **Маријана Крстеска** |
| **4.** | **Сузана Никушевска** |

**Подрачје 6**

| VI Група | УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА |
|---|---|
| **Одговорен наставник** | **Елизабета Илиеска** |
| **1.** | **Влатко Станоески** |
| **2.** | **Билјана Јовановска** |
| **3.** | **Соња Панова** |
| **4.** | **Виолета Павловска** |

**Подрачје 7**

| VII Група | СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ И ЛОКАЛНА СРЕДИНА |
|---|---|
| **Одговорен наставник** | **Васка Николова Икономова** |
| **1.** | **Милица Миноска** |
| **2.** | **Ребека Андреева** |
| **3.** | **Ајша Оскакач** |

## *Подрачје 1 ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО*

| ***Подрачје 1*** | ***ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО*** |
|---|---|
| Одговорен наставник | Јасмина Стефаноска |
| 1. | Весна Т. Унковска |
| 2. | Валентина Неделкова |
| 3. | Светлана Здравеска |
| 4. | Марија Николовска |
| 5. | Мартин Мартиновски |

| Бр. | Оддели во рамките на подрачјето | Теми: |
|---|---|---|
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | **Применувани наставни планови и програми**<br>**Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>**Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>**Избор на наставни предмети**<br>**Реализација на проширени програми** |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br>**Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>**Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br>**Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми** |
| 1.3 | Воннаставни активности | **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>**Опфатеност на учениците со воннаставните активности**<br>**Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**<br>**Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности** |
| 3.1 | Планирања на наставниците | **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>**Индивидуални планирања на наставниците**<br>**Размена на искуства и информации при планирањето**<br>**Распоред на часови** |
| 3.2 | Наставен процес | **Наставни форми и методи**<br>**Избор на задачи, активности и ресурси**<br>**Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>**Приодот на наставникот кон учениците**<br>**Следење на наставниот процес** |

| | | |
|---|---|---|
| 3.3 | Искуства на учениците од учењето |  **Средина за учење**<br> **Атмосфера за учење**<br> **Поттикнување на учениците за преземање одговорност**<br> **Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето** |
| 3.4 | Задоволување на потребите на учениците |  **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br> **Почитување на различните потреби на учениците во наставата** |

| | | |
|---|---|---|
| 3.5 | Оценувањето како дел од наставата |  **Училишна политика за оценување**<br> **Методи и форми на оценување**<br> **Користење на информациите од оценувањето во наставата** |
| 6.1 | Сместување и просторникапацитети |  **Просторни услови**<br> **Искористеност на просторните капацитети** |

| Подрачје 1<br><br>**Ниво при еваулација: многу добро** | |
|---|---|
| **Индикатори за квалитет** | **ТЕМИ** |
| 1.1. Реализација на наставните планови и програми | Во училиштето се образуваат ученици само од прво до деветто оделение -деветолетка<br>• Применување годишни програми и создавање визија за она што го посакуваме;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>• Избор на наставни програми |
| 1.2 Квалитет на наставните<br><br>планови и програми | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала;<br>• Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување; |
| 1.3 Воннаставни активности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |

## Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми

***Ниво при еваулација: многу добро***

| **Теми:** | <ul><li>Применување годишни програми и создавање визија за она што го посакуваме;</li><li>Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;</li><li>Избор на наставни програми</li></ul> |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| <ul><li>Наставни планови и програми донесени од БРО</li><li>Годишни – тематски планирања на наставниците, седмични,дневни, процесни.</li><li>Нормативни акти на училиштето</li><li>Педагошка евиденција и документација</li><li>Записници од родителски совети на училиштето ( СР )</li><li>Записници од родителски средби</li><li>Записници од Наставнички совети на училиштето и активите</li><li>Годишна програма на училиштето</li><li>Покани за учество на семинари</li><li>Застапеност на изборните предмети по паралелки</li><li>Дневници на паралелките</li><li>Подготовка за натпревари</li><li>Училишна тетратка со соопштенија</li><li>Брошури</li></ul> | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените/ одобрените програмски документи од МОН. Нашето училиште во целост ги реализира истите. Врз реализацијата на Наставните планови и програми влијаат наставниците со тоа што ги интегрираат наставните содржини по одредени предмети, со примена на активна настава - интерактивно учење, со проектни активности - интерни и екстерни и со современи наставни форми, методи и техники на учење и поучување. Има можности за интегриран пристап на содржини во одделенска настава, а додека во предметна настава тоа е можно само кај предмети со сродна содржина: македонски-историја-музичко образование- ликовно образование; математика-физика-хемија; биологија- хемија и слично. Наставниците по овие предмети соработуваат и интегрирано обработуваат теми кога е тоа можно.<br><br>Наставните програми содржат:<br><br>- назив<br><br>- намена |

| | |
|---|---|
| | - неделен и годишен фонд на часови<br><br>- цели<br><br>- потребни претходни знаења<br><br>- тематски целини и број на часови за нивно реализирање<br><br>- наставни форми, методи и активности на учење<br><br>- упатство за организација и реализација на наставата<br><br>- наставни средства и помагала<br><br>- начин за оценување на постигањата на учениците<br><br>- кадровски и материјални предуслови за реализација на наставата<br><br>Во целите на наставната програма се наведени знаењата, вештините и способностите со кои ученикот треба да се стекне по изучувањето на конкретен наставен предмет.<br><br>За секоја тематска целина, покрај бројот на часови за нивно реализирање, се наведени и конкретните цели, дидактички насоки и корелација со други тематски целини и наставни предмети.<br><br>Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, а според визијата на училиштето, чија суштина е тоа да биде со современа, ефикасна и квалитетна настава во 21 век, при тоа со постигање максимален развој и едукација на учениците и наставниците. |

| | |
|---|---|
| | Во Годишната програма за работа на училиштето се утврдува:<br><br>- бројот на ученици и нивна распределба по паралелки<br><br>- распределба на наставниците по наставни предмети и паралелки<br><br>- распоред на часови<br><br>Во Годишната програма за работа на училиштето се содржани и програмите за работа на: директорот, стручната служба, активите и училишната заедница на учениците.<br><br>Во Годишната програма за работа на училиштето се предвидени:<br><br>- активности за следење на реализацијата на наставните програми и тоа преку одржување на совети на паралелките, наставнички совети, совети на родители, состаноци на активите на наставниците и средби со родителите.<br><br>- активности за развивање и надградување на постојните и учество во изработка на нови наставни програми<br><br>- реализација на дополнителна настава<br><br>- реализација на додатна настава<br><br>- реализација на воннаставни активности преку работа на секции<br><br>-реализација на еднодневни, повеќедневни екскурзии<br><br>-посета на институции, саеми, музеи и манифестации<br><br>Во програмите за работа на активите се наведуваат следните активности: |

| | |
|---|---|
| | - реализација на редовната, дополнителната и додатната настава<br><br>- следење на успехот и поведението на учениците<br><br>- меѓусебна соработка и соработка со другите активи<br><br>- реализација на вонnаставни активности (секции)<br><br>- реализација на воншколски активности (натпревари)<br><br>- користење на компјутерска опрема во наставата<br><br>- изготвување на интерни тестови<br><br>- состојба со наставни средства и помагала<br><br>- спроведување на самоевалуацијата на училиштето<br><br>За остварување на потребите на учениците како и остварување на нивните права и должности, учениците се организирани во училишни заедници: на ниво на паралелки, на ниво на години и на ниво на училиште. Програмата на Училишната заедница ја изготвуваат раководството на Училишната заедница на учениците заедно со стручните соработници во училиштето на почетокот на учебната година по предлози и сугестии на учениците кои се пренмесуваат преку председателите на паралелките.<br><br>Програмата содржи<br><br>➢ Цели<br>- разгледување на успехот, редовноста и поведението на учениците, периодично<br><br>- организирање и реализирање на воннаставни активности и екскурзии |

| | |
|---|---|
| | - организирање на активности кои се однесуваат на учениците од завршните години<br><br>➢ Задачи<br>- утврдување на потешкотиите со кои се соочуваат учениците во процесот на наставата<br><br>- утврдување на причините кои влијаат на редовноста на учениците<br><br>- утврдување на причините кои влијаат на безбедноста на учениците<br><br>- утврдување на интересот на учениците за изведување на екскурзии<br><br>➢ Активности<br>- одржување на редовни состаноци<br><br>- разгледување и анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците<br><br>-одредување на локација и временска рамка за изведување на еднодневни и повеќедневни екскурзии<br><br>Родителите се запознаваат со Наставните планови и програми на првата родителска средба од секоја нова учебна година. Родителите се информирани за распоредот за дополнителна и додатна настава и истиот распоред е истакнат и на огласна табла на училиштето. Училиштето ги информира членовите на Советот на родители и останатите родители како и сите заинтересирани за заедничка соработка за Наставните планови и програми, за кои што пак тие на состаноците на СР даваат одредени забелешки и сугестии за обемноста и тежината на содржините на истите, кои само се внесуваат во Записник на СР. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето нуди изборни предмети според Наставниот план за соодветното одделение и училиштето дава можност учениците да вршат избор на наставни предмети. Изборот на предмети во училиштето се врши со писмено изјаснување, анкета, со изјава на родителите на секој ученик, а по претходно запознавање со целите и задачите на предметите и се е во согласност со ЗОО. Овие изјави, анкети, се чуваат од страна на секој одделенски/класен раководител. Ваквиот избор го прават сите ученици без разлика на нивниот пол и етничка припадност. Секој изборен предмет влегува во наставата, ако може да се формира наставна група, согласно ЗОО. Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети од одделенска настава, а во предметна во однос на стандардите во оценувањето кај наставните предмети и тематското процесно планирање.<br><br>Во училиштето редовно се анализираат вонннаставни активности, како и дополнителна и додатна настава согласно ЗОО и за истите наставниците имаат програми за реализирање, а соодветно ја бележат и самата реализација. Во истите застапени се деца без оглед на половата и етничката припадност. Придобивките од воннаставните активности се големи, постои дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се прошируваат знаењата, умеењата, се развиваат вештините, се афирмира училиштето. Учениците подолго време минуваат во училиште, а со тоа поголема е можноста од заштита од сите негативни надворешни влијанија.<br><br>Училиштето спроведува и различни Еко-проекти кои овозможуваат поголема грижа за хигиената и следење на светските трендови за заштеда на електрична енергија, рециклирање и сл.<br><br>Се реализираат и проекти од областа на безбедноста и располагање со буџетот во соработка со |

| | |
|---|---|
| | НБРМ и Министерство за финансии. Во училиштето редовно се организираат и реализираат натпревари во спорт и интерни и екстерни, а училиштето е постојано присутно во натпреварите (општински, градски и државни) .Училиштето учествува и на сите организирани екстерни натпревари по македонски, англиски и германски јазик, математика, физика, хемија, историја, географија, музичко образование- хор, техничко образование, ликовни конкурси во и вон Република Македонија и на сите натпревари се освојуваат многу први, втори и/ или трети места или се освојува висок пласман. Се добиваат голем број на награди, дипломи, признанија, пофалници, благодарници, медали, пехари. На сите ученици кои учествуваат на натпреварите, по било кој предмет и на било кое ниво, им се дава морална поддршка од страна на сите наставници, стручната служба и од директорот за нивното учество. Истите ученици, согласно интерниот Правилник за ослободување на учениците од час/ настава, се ослободуваат од настава на денот на одржување на натпреварот, а потоа, до колку е потребно, им се дава помош во совладување на содржините кои се реализирале на часовите од кои тие отсуствувале, но најчесто за тоа нема потреба бидејќи учениците редовно си ги совладуваат предадените наставни содржини. |

## Индикатор 1. 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

***Ниво при еваулација : многу добро***

| | |
|---|---|
| Теми: | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала<br>• Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување |

| Извори на податоци | |
|---|---|
| <ul><li>**Фотографии**</li><li>**Извештаи**</li><li>**Стручни активи**</li><li>**Нормативни акти на училиштето**</li><li>**Разговор со наставници и родители**</li><li>**Записници од СР**</li><li>**Записници од УО**</li><li>**Записници од Активи на наставници**</li><li>**Записници од Наставнички совети**</li><li>**Записници од Одделенски совети**</li><li>**Интрервју со директор**</li><li>**Интервју со стручна служба**</li><li>**Анкети со наставници, родители и ученици**</li></ul> | Училиштето на состаноците на Училишен одбор, Советот на родители,Наставнички совет, Одделенски совети и состаноци на Активите на наставниците само дискутира за Наставните планови и програми, но не е превземено иницијатива за нивна измена, која би требало да се прати до МОН/БРО. Инаку, постои родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во одредена мерка во Наставните програми  и учебните помагала, но истата не е дискутирана  на состаноците на Совет на родители, Училишен одбор, Наставнички совет, Одделенски совети и состаноци на Активите на наставниците.<br>Постојат примери за интегрирање на особености на локалната средина во одреден дел на Наставните програми и наставните помагала, но се добива впечаток дека тоа би требало да биде застапено во поголема мерка.<br>Во училиштето постојат и функционираат Активи на одделенска и на предметна настава и исто така мини активи од прво до осмо одделение, кои си имаат своја програма за работа и истата навремено се реализира на состаноци, од кои има уредно водени Записници. |

## Индикатор 1.3. Вонннаставни активности

***Ниво при еваулација: многу добро***

| Теми: | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Разговор со директорот**<br>• **Разговор со стручната служба**<br>• **Разговор со ученици, наставници и родители**<br>• **Педагошка евиденција и документација**<br>• **Воннаставни активности**<br>• **Програма за дополнителна и додатна настава**<br>• **Пофалници**<br>• **Годишна програма за работа на училиштето**<br>• **Благодарници**<br>• **Дипломи**<br>• **Признанија**<br>• **Награди, пехари, медали**<br>• **Анкета за наставници, родители и ученици**<br>• **Записници од Наставнички совети**<br>• **Полугодишен и Годишен извештај** | Согласно ЗОО училиштето планира и во целост ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите, умеењата, афинитетите и потребите на учениците. Училиштето им овозможува на сите заинтересирани ученици да бидат вклучени во воннаставни активност во зависност од нивните желби, можности, умеења и афинитети, не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и желба, при тоа имајќи право да земат учество и во планирањето на истите.Значи, во училиштето редовно се анализираат воннаставни активности, како и дополнителна и додатна настава, согласно ЗОО и за истите наставниците имаат програми за реализирање, а соодветно ја бележат и самата реализација. Во истите застапени се деца без оглед на половата и етничката припадност. Придобивките од воннаставните активности се големи, постои дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се прошируваат знаењата, умеењата, се развиваат вештините, се афирмира училиштето. Учениците подолго време минуваат во училиште, а со тоа поголема е можноста од заштита од сите негативни надворешни влијанија.На сите ученици кои учествуваат на натпреварите, по било кој предмет и на било кое ниво, им се дава морална поддршка од страна на сите наставници, стручната служба и од директорот за нивното учество. |

| **Собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Други методи кои се користени за собирање на податоци** | Кој беше вклучен во собирање на овие информации | **Информации кои се собрани** |
| Прашалник со наставници | **Прашалникот го изготвија:<br>Јасмина Стефаноска<br>Валентина Неделкова<br>Весна Тодоровска Унковска<br>Светлана Здравеска<br>Мартин Мартиновски<br>Марија Николовска** | **Наставниците одговараа на 10 прашања при што ги дадоа следните одговори:**<br><br>➢ **Колку наставни програми реализираат оваа година?**<br>○ **Одговориле: 1 програма 15 %, две програми 19%, три и повеке програми 57 %.**<br>➢ **Колку содржините од наставните програми се компатибилни со потребите на пазарот на труд?**<br>○ **Одговориле: доволно компатибилни 29%, делумно 57%, недоволно 9,52% од наставниците.**<br>➢ **Дали постои корелација меѓу содржините од различни наставни предмети?**<br>○ **Одговориле: доволно 43%, делумно 52,3%, недоволно 0% од наставниците.**<br>➢ **Дали наставните програми се целосно соодветни на возраста на учениците?**<br>○ **Наставните програми се целосно соодветни на возраста на учениците сметаат 9,52% од наставниците, а останатите 76% сметаат дека истата е делумно соодветна, 9,52% сметаат дека е несоодветна.**<br>➢ **Дали фондот на часови е соодветен на обемот на наставната програма?**<br>○ **Годишниот фонд на часови е соодветен на обемот на наставната програма сметаат 52,3% од наставниците, а останатите 42,8% сметаат дека не е доволен.**<br>➢ **Дали дале писмено мислење за содржината и обемот на наставната програма?**<br>○ **20% од наставниците одговориле дека дале писмено мислење за содржината и обемот на наставната програма и тоа го доставиле до ЦСОО, БРО, Стручните активи и управата на училиштето, а 76,1% немаат дадено писмено мислење.**<br>➢ **Дали учествувале во изготвување на наставни програми?** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ○ **33,3% од наставниците учествувале во изготвување на наставни програми а останатите 61,9 % не учествувале.**<br>➢ **Дали наставниците редовно изготвуваат програма за дополнителна настава?**<br>○ **90,4% од наставниците редовно изготвуваат програма за дополнителна настава, а 4,7% не изготвуваат.**<br>➢ **Дали наставниците редовно изготвуваат програма за додатна настава?**<br>○ **90,4% од наставниците редовно изготвуваат програма за додатна настава, а 4,7% не изготвуваат.**<br>➢ **Дали наставниците редовно изготвуваат програма за воннаставни активности?**<br>○ **85,7% од наставниците редовно изготвуваат програма за воннаставни активности, а 9,52% не изготвуваат.** |
| Прашалник со родители | **Прашалникот го изготвија:**<br><br>**Јасмина Стефаноска**<br>**Валентина Неделкова**<br>**Весна Тодоровска Унковска**<br>**Светлана Здравеска**<br>**Мартин Мартиновски**<br>**Марија Николовска** | **Родителите одговараа на 14 прашања и од нивните одговори се изведени следните одговори:**<br>➢ **Дали се известени за содржините и целите на наставните планови и програми?**<br>○ **80% се известени, 20% се делумно известени, а 0% се неизвестени.**<br>➢ **Дали се задоволни од начинот и квалитетот на реализацијата на наставните планови и програми?**<br>○ **Целосно се задоволни 75% од начинот и квалитетот на реализацијата на наставните планови и програми 25% делумно се задоволни од начинот и квалитетот на реализацијата на наставните планови и програми нема незадоволни.**<br>➢ **Дали се информирани за изборните предмети кои можат да се реализираат?**<br>○ **Во целост се информирани за изборните предмети кои можат да се реализираат 40%, 40% се делумно информирани, 15% неинформирани. ( Не одговорил 1 родител)**<br>➢ **Дали има потреба од реализирање на проширена програма по одредени наставни предмети?**<br>○ **Целосно има потреба од реализирање на проширена програма по одредени наставни предмети сметаат 35%, делумно има потреба од реализирање на проширена програма по одредени наставни предмети сметаат 50%, а дека нема потреба 5 %.( Не одговориле 2 родители)**<br>➢ **Дали е нарушена родовата и етничка рамноправност во наставните планови и програми?**<br>○ **Целосно е нарушена 0%, делумно е нарушена сметаат 15%,не е нарушена сметаат 75% ( Не одговориле 2 родители)**<br>➢ **Особеностите на локалната средина се интегрираат во наставните програми?**<br>○ **Целосно се интегрираат 20%, делумно се интегрираат 80%, не се интегрираат сметаат 4%. ( Не одговорил 1 родител)** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ **Реализацијата на наставните планови и програми овозможува вградувања на меѓупредметни цели?**<br>○ **Целосно овозможува сметаат 40%, делумно овозможува 45%, не овозможува 10%. ( Не одговорил 1 родител)**<br>➢ **Наставните планови и програми се соодветни на возраста и потребите на учениците?**<br>○ **Целосно се соодветни одговориле 25%, делумно соодветни 45%, несоодветни 5%.**<br>➢ **Запознаен сум со воннаставните активности кои се реализираат во училиштето?**<br>○ **Целосно се запознаени 60%, делумно се запознаени 30%, не се запознаени 5 %. ( Не одговорил 1 родител)**<br>➢ **Запознаен сум со постигањата на учениците во воннаставните активности?**<br>○ **Целосно се запознаени 45%, делумно се запознаени 45%, не се запознаени 10%**<br>➢ **Дали во училиштето се почитува право на избор на изборни наставни предмети?**<br>○ **35% одговориле со ДА, 10% одговориле НЕ, 55% одговориле со НЕ ЗНАМ**<br>➢ **На кој начин може да се интегрираат особеностите на локалната средина со наставните програми?**<br>○ **Повеќе посети на институции, политиката да не влијае врз наставниот процес, да се отфрли Кембриџ програмата, повеќе проекни задачи, работилници со локалната самоуправа, стручни лица, повеќе компјутери, дискусии**<br>➢ **Кои се според Вас главните недостатоци на наставните програми?**<br>○ **Повеќе практична работа, преоптовареност со факти, несоодветни за возраста**<br>➢ **Дали воннаставните активности ги задоволуваат потребите на учениците?**<br>○ **Одговориле: Да – 65% , Не – 15% , Незнам – 15% ( Не одговорил 1 родител)** |
| Прашалник со ученици | **Прашалникот го изготвија:**<br><br>**Јасмина Стефаноска**<br>**Валентина Неделкова**<br>**Весна Тодоровска Унковска**<br>**Светлана Здравеска**<br>**Мартин Мартиновски**<br>**Марија Николовска** | **Учениците одговараа на 13 прашања и од нивните одговори се изведени следните заклучоци:**<br>➢ **Дали се известени за содржините и целите на наставните планови и програми?**<br>**55% се известени, 25% се делумно известени, а 20% се неизвестени**<br>➢ **Дали се задоволни од начинот и квалитетот на реализацијата на наставните планови и програми?**<br>○ **Целосно се задоволни од начинот и квалитетот на реализацијата на наставните планови и програми 60%, делумно се задоволни од начинот и квалитетот на реализацијата на наставните планови и програми 15%, незадоволни се 25%.**<br>➢ **Дали се информирани за изборните предмети кои можат да се реализираат?**<br>○ **Во целост се информирани за изборните предмети кои можат да се** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **реализираат 20%, 15% се делумно информирани, а 65% се неинформирани.**<br>➢ **Дали има потреба од реализирање на проширена програма по одредени наставни предмети?**<br>○ **Целосно има потреба од реализирање на проширена програма по одредени наставни предмети сметаат 10%, делумно има потреба од реализирање на проширена програма по одредени наставни предмети 25%, а нема потреба 45%. (Не одговориле 4 ученици)**<br>➢ **Дали е нарушена е родовата и етничката рамноправност во наставните планови и програми?**<br>○ **Целосно е нарушена сметаат 15%, делумно 10% и не е нарушена сметаат 50% (Не одговориле 5 ученици)**<br>➢ **Особеностите на локалната средина се интегрираат во наставните програми?**<br>○ **Целосно се интегрираат 10%, делумно се интегрираат 40%, не се интегрираат сметаат 35%. (Не одговориле 3 ученици)**<br>➢ **Реализацијата на наставните планови и програми овозможува вградување на меѓупредметни цели?**<br>○ **Целосно овозможува 30%, делумно овозможува 30%, не овозможува се изјасниле 40%.**<br>➢ **Наставните планови и програми се соодветни на возраста и потребите на учениците?**<br>○ **Целосно се соодветни 15%, делумно се соодветни 55%, несоодветни одговориле 15%.(Не одговориле 3 ученици)**<br>➢ **Запознаен сум со воннаставните активности кои се реализираа во училиштето?**<br>○ **Целосно се запознаени 45%, делумно се запознаени 20%, не се запознаени 25%.(Не одговориле 2 ученици)**<br>➢ **Запознаен сум со постигањата на учениците во вонаставните активности?**<br>○ **Целосно се запознаени 40%, делумно се запознаени 15%, не се запознаени 30%. (Не одговориле 3 ученици)**<br>➢ **Дали во училиштето се почитува правото на избор на изборни наставни предмети?**<br>○ **Со ДА одговориле 30%, со НЕ 5% и НЕ ЗНАМ 65%**<br>➢ **Кои се главните недостатоци на наставните програми?**<br>○ **Дадени се следниве одговори: преобемен материјал, повеќе компјутери во училиштето , повеќе посети на институции, програмите се несоодветни за возраста.**<br>➢ **Дали вонаставните активности ги задоволуваат потребите на учениците?**<br>○ **Одговориле: Да – 60% , Не – 5% , Не знам – 35%** |
| Интервју со | **Интервјуто го подготви** | **Интервјуто е реализирано со Стефче Василевски, Директор на училиштето, а на тема Обуки, проекти и програми.** |

| | | |
|---|---|---|
| директор Стефче Василевски | **и реализираше Валентина Неделкова** | **- Во 2017-2019 година училиштето успешно се вклучи во имплементираните програми и проекти во системот на образованието во Р.Македонија, подржувани од МОН, БРО, УНИЦЕФ, УСАИД, Црвен Крст и други акредитирани институции, невладини фондации и организации.**<br><br>**- Во 2017-2019 година во училиштето се реализирани обуки :**<br>**-Унапредување на оценувањето на учениците**<br>**-Унапредување на наставата по математика и запознавање на околината**<br>**-ИКТ во наставата**<br>***Интеграција на еколошката едукацијаво македонскиот образовен систем**<br>***Превенција на насилно однесувањево основните училишта во република македонија**<br>***Меѓуетничка интеграција во образованието**<br>***Еко-проекти во соработка со пакомак и општината**<br>***Инклузивно образование**<br>***Училиште на 21-ви век**<br>***Образование за сите**<br>***Водич за инклузивно образование- премин од одделенска во предметна настава**<br>**Интерни обуки и проекти**<br>***Тимска Работа**<br>***Невербална комуникација**<br>***Емоционална интелегенција**<br>***Професионален развој на наставниците**<br>***Компјутерска етика**<br>***Асертивно учење**<br>***Навики** |
| Интервју со Васка Николова Икономова и Александра Атанасовска– председатели на стручниот актив | **Интервјуто го подготви и реализираше Весна Тодоровска Унковска** | **Стручните активи за одделенска и предметна настава изготвија годишни програми за работа на активите со утврдени цели,дати на реализација и очекувани исходи. Во изготвувањето на предлозите за годишното планирање активно учествуваа скоро сите членови на стручните активи, поделени во работни групи предводени од одговорните наставниците.Со годишната програма се предвидени стручни предавања и отворени часови.** |
| Интервју со Марина Георгиевска Крстевски – | **Интервјуто го подготви и реализираше Валентина Неделкова** | **Интервјуто е реализирано со педагогот на училиштето Марина Георгиевска Крстевски за следните изготвени програми:**<br>**Годишна програма за работа на стручниот соработник –педагог е изработена согласно Законот за основно образование и врз основа на**<br>*** Основи за програмирање на работа на стручните соработници во основните училишта ,** |

| | | |
|---|---|---|
| педагог во училиштето | | ***Годишниот извештај за работа на училиштето,**<br>*** Годишен извештај на педагог.**<br>**Училишниот педагог работата ќе ја остварува низ следните подрачја**<br>***Непосредно следење на воспитно-образовната работа**<br>***Советотодавна-консултативна работа**<br>***Аналитичко-истражувачка работа**<br>***Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар**<br>***Педагошка евиденција и документација**<br>**Цел на програмата ке биде во насока на интезивирање на советодавно-консултативната работа со наставниците, учениците и родителите за подобрување на работата во училиштето иискористување на сите ресурси во училиштето и надвор од него за напредок на секој ученик** |
| Интервју со наставници кои се одговорни за секциите во училиштето | **Интервјуто го подготви Јасмина Стефаноска** | **Интервјуто е реализирано со 5 наставници кои одговараа на следните прашања:**<br>**1. Дали во изминатите две години секцијата функционира?**<br>**2. Колку ученици земаат активно учество во сецијата?**<br>**3. Која е возраста на учениците, членови на сецијата?**<br>**4. Дали секцијата работи според годишна програма или план за работа?**<br>**5. Дали се реализирани сите предвидени активности?**<br>**6. Каква е соработката на училиштето со локалната средина, остварена преку работата на секцијата?**<br>**7. Како ја оценувате успешноста на работата на секцијата?**<br>**Наставникот Мартин Мартиновски раководи со секции за спорт, Ребека Андреева и Милица Миновска раководат со клубот на ЦК при ООУ Партенија Зографски,Софија Лазовска раководи со драмската секција и Орце Лазаров и Јосипа Стефановска раководат со хорот. Во секциите активно учествуваат 10 – 20 ученици од 6-9 одделение. Во рамките на одд.настава сите одделенски наставници раководат со соодветни секции како: Литературна (драмско-рецитаторска) секција, Ликовна секција, Ритмичко фолклорна секција, Спортска секција, Математичка секција, Еколошка секција... Секциите работат според годишна програма и сите предвидени активности се реализирани. Соработката на училиштето со локалната средина, остварена преку овие секциите е постојана како на општинско ниво, така и на градско и државно ниво. Сите секции постигнаа значајни резултати во натпревари.** |

## 3.1. Планирање на наставниците

3.1.1. Индивидуални планирања на наставниците

3.1.2. Поддршка и следење на планирањата на наставниците

3.1.3. Размена на искуства и информации при планирањето на наставните програми

3.1.4. Распоред на часови

| | |
|---|---|
| **3.1.1.Индивидуални планирања на наставниците**<br><br>**Педагошка служба**<br>**Наставници**<br><br>**- Наставни планови и програми од БРО и МОН за реализација на наставата.**<br><br>**- Годишни, тематски планови за реализација на наставата и оперативни планови за час, програми за дополнителна и додатна настава во дигитална и печатена форма** | **3.1.1.Индивидуални планирања на наставниците**<br>Сите наставници, за реализација на Наставните планови и програми, имаат изготвени глобални, годишни, процесни, месечни, тематски планирања и на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба, која ги проверува и ги доставува до директорот на училиштето. Наставниците изготвуваат и дневни оперативни планови. Дневните планирања се сработуваат или во е-верзија или во пишана форма, а некои наставници паралелно ги користат и двата начина. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на педагошката служба и директорот, се прегледуваат дневниците на паралелките, кои редовно, секојдневно се пополнуваат од страна на наставниците. Наставниците редовно го пополнуваат и електронскиот дневник. Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час.<br>Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата, очекуваните исходи од учењето, како и наставните методи и форми на работа, како и стратегии и техники на учење. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување (РЕР)- имплементација на формативно оценување, особено во предметна настава и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува оценувањето, а инструментите се нагласени и во конспектите на одделенска настава.<br>Согласно насоките од МОН/БРО/ДПИ во дневната подготовка се забележува и домашната задача. Информациите добиени од оценувањето наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Информации во таа насока, наставниците добиваат и од разговорите со родителите и со учениците при индивидуалните средби со нив.<br>Во нашето училиште се сработуваат и ИОП (индивидуални образовни планови) за деца со ПОП (посебни образовни потреби).<br>Во нашето училиште наставниците од второ до деветто одделение планираат и програма за дополнителна и додатна настава.<br><br>Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и сродни предмети, имаат |

| | |
|---|---|
| **Интегрирано планирање на содржини од еко-стандардите Извештај од БРО и МОН Годишна програма на училиштето** | посета на отворени часови, работилници, дисеминација на интерни и екстерни семинари, обработка на стручни теми и друго.<br>Наставниците се следени од директорот, психолошко-педагошката служба, од страна на советници од БРО и од страна на ДПИ.<br>Поддршката од директорот и стручната служба е преку насочување, следење, анализирање, активирање и мотивирање на работата на вработените, поттикнување за професионален развој, поддршка со создавање подобри услови за работа преку снабдување на наставни средства и помагала, стручна литература, интерни и екстерни стручни усовршувања – семинари и обуки, снабдување дополнителни материјали за ефективна и ефикасна настава.<br>Распоредот на часови го прави наставник во консултација со стручната служба и наставниците. Распоредот на часови за одделенска настава го изработуваат одделенските раководители во соработка со предметните наставници кои предаваат во паралелките.<br>**Во наставните предмети наставниците вградуваат содржини од програмата ”Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем “. Избраните еко – содржини т.е. точки на акција од еко-стандардите се во голем број и се доста добро поврзани со предметите и содржините кои одговараат со возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите, истражување, анализирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл. Со што се допринесува преку нив да се поттикнат мисловните активности и да се развие еколошката свест кај учениците. Интегрираното планирање соодветсвува со наставните планови и програми на БРО.** |
| **Документи кои се прегледани** | **Информации кои се собрани** |
| **Годишни планирања** | **На почетокот на учебната година, секој наставник го предава својот изработен годишен глобален план на педагошката служба која ги класифицира во посебни папки. Исто така се предаваат и во електронска форма по потреба. Годишниот глобален план за секој наставен предмет содржи податоци за: наставникот; кој ја реализира планираната наставна програма; годината и паралелките како и образовниот профил во кој се изведува годишен и неделен број часови, планираните цели на наставната програма, методи на работа, нагледни средства и материјали кои ќе се користат, корелација со други наставни предмети и предвидена литература; расчленување по тематски целини и тоа со број на часови за нова материја, практична настава и вежби, проектни задачи и број на часови за проверување и вреднување како и вкупниот број по тематски целини и период на нивна реализација.** |
- **35% од наставниците, 30% од родителите и 45% од учениците делумно се согласуваат.**
- **Само 20% од учениците не се согласуваат по ова прашање,10%од родителите негативно се изјасниле и 15% од наставниците се изјасниле негативно.**

Наставниците при оценувањето им посочуваат на учениците како да ја подобрат нивната работа и успех




- **60% од наставниците се согласуваат,15% делумно се согласуваат дека при оценувањето им посочуваат**

| | |
|---|---|
| | **на учениците како да ја подобрат нивната работа и успех и 25% не се согласуваат.**<br><br>Наставниците ги користат информациите од оценувањето за до го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.<br><br><br><br>**-60% од наставниците се изјасниле дека ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата ;**<br>**-40% од наставниците се изјасниле дека делумно ги користат информациите од оценувањето за планирање и подобрување на наставата.** |

## 3.6. Известување за напредокот на учениците

3.6.1. Известување на родителите за напредокот на учениците

| **3.6. Известување за напредокот на учениците** | |
|---|---|

| | |
|---|---|
| - **Распоред на приемни денови за сите наставници**<br><br>**-Увид во педагошка евиденција и документација**<br><br>**-Евиденција на наставниците за остварени средби со родители**<br><br>**- Записници од родителски средби**<br><br>**-Записници од состаноци на родителите претставници на родителските одбори**<br><br>**-Електронски дневник** | **3.6.1. Известување на родителите за напредокот на учениците**<br>**Училиштето има утврден однос за известување на родителите за напредокот на учениците и тоа:**<br><br>**-конкретна повратна иформација за оценката на ученикот;**<br><br>**-препораки за подобрување на постигањата и успехот на ученикот;**<br><br>**-препораки за посетување на дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот;**<br><br>**-распоред со приемни денови за сите наставници во училиштето;**<br><br>**-редовни родителски средби;**<br><br>**-известување на родителите за успехот и поведението на нивното дете со евидентни листови;**<br><br>**-пристап до електронски дневник;**<br><br>**- педагошка служба, која е подготвена во секој момент за соработка како со родителите, така и со учениците.** |

| | |
|---|---|
| **-Увид во педагошката евиденција и документација** | |
| 3.6. Известување за напредокот на учениците<br><br>**Анкетни листови за наставници**<br><br>**Анкетни листови за родители**<br><br>3.6 Известување за напредокот на учениците | Наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот во своите приемни денови.<br><br><br><br>-90% од родителите се изјасниле дека наставниците се секогаш достапни за разговор за време на своите приемни денови;<br>-5 % од родителите се изјасниле дека наставниците делумно се достапни за разговор за време на своите приемни денови.<br>-5 % од родителите се изјасниле дека наставниците не се достапни за разговор за време на своите приемни денови.<br><br>Родителските средби се добро организирани, корисни и класните раководители јасно ги пренесуваат информациите. |

**Анкетни листови за наставници**

**Анкетни листови за родители**




-80% од родителите се изјасниле дека родителските средби се добро организирани , корисни и класните раководители јасно ги пренесуваат информациите;

10% од родителите се изјасниле дека делумно родителските средби се добро организирани , корисни и класните раководители јасно ги пренесуваат информациите;

10% од родителите се изјасниле дека родителските средби не се добро организирани.

Класниот раководител редовно ги информира родителите со евидентен лист за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации и за личниот и социјалниот развој на детето.




- **65% од родителите се согласуваат, 25% делумно се согласуваат дека класниот раководител редовно ги информира со евидентен лист за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето и 10 %не се согласуваат.**

Родителите редовно го користат електронскиот дневник за да се информираат за успехот и поведението на своето дете.

| | |
|---|---|
| | <br><br>- 40% од родителите се согласуваат, а 35% делумно се согласуваат, дека редовно го користат електронскиот дневник за да се информираат за успехот и поведението на своето дете,25% негативно. |

## Резултати: Кратко образложение на клучните јаки страни и слабостите

**Клучни јаки страни**

1. **Им се овозможува на сите наставници присуство на интерни и екстерни семинари, обуки, работилници.**
2. **Се овозможува наставникот да биде креатор при изборот на методите, формите и техниките при реализација на наставните содржини во рамките на наставната програма.**
3. **Подготвеност за осовременување на наставата.**
4. **Содржините од наставните програми, изготвени од Бирото за развој на образованието, се реализираат во целост.**
5. **За реализација на наставните програми наставниците изготвуваат глобални годишни и тематски планирања.**
6. **Наставниот материјал се прилагодува кон потребите на учениците.**
7. **Изборот на изборните наставни предмети е по желба на учениците.**
8. **Учениците редовно учествуваат на натпревари (општински, регионални, државни, меѓународни )**
9. **Планираните активности, анкета за изборни предмети навремено се спроведуваат.**
10. **Покрај постоечките секции кои успешно функционираат повеќе години, се оформуваат и нови секции , а со тоа се зголемува и бројот на ученици кои се вклучуваат во вонаставните активности, при што се издигнува: научната, општествената, културната и здравствената свест на учениците.**
11. **Примена на интегрирано планирање во одделенска настава.**
12. **Редовно реализирање на дополнителна и додатна настава и вонnаставни активности.**
13. **Во наставата се користат различни наставни методи и форми на работа и тоа придонесува за разновидност на часовите, а со тоа и поголема заинтересираност на учениците.**
14. **Во изработка на годишните и тематските планирања на наставниците постои меѓусебна соработка и разменување искуства и информации.**
15. **Во работата на училиштето е вклучен и советот на родители кој со своите предлози допринесува за поуспешна работа на училиштето.**
16. **Учениците и нивните родители редовно се известуваат за напредокот преку класните раководители, редовните родителски средби и предметните наставници.**
17. **Односите наставник-ученик и наставник-родител се на високо ниво.**
18. **Наставниците самоиницијативно изготвуваат наставни нагледни средства.**

**Слабости**

1. Недостаток на кабинетски простор за одвивање на наставниот процес.
2. Недоволна опременост на училиштето со наставни, нагледни средства.
3. Недоволна пристапност на Интернет.
4. Недоволна афирмираност на инструментите за следење и вреднување на наставниот час.
5. Отежната соработка со родителите од ученици кои покажуваат послаб успех во учењето.
6. Недоволна размена на практични искуства од реализација на наставен час.
7. Опремување на училниците со цел учениците да се чувствуваат пријатно за време на часовите.

Анализа на резултатите

**Во училиштето се образуваат ученици од прво до деветo одделение -деветолетка. Наставата се одвива според наставниот план за основно образование, а сите девет години од образованието наставата се одвива според наставни програми изготвени од МОН и БРО. Учениците од шесто до деветo одделение избираат еден од понудени три изборни предмети . Наставниците ги запознаваат учениците со наставните планови и програми, со планот за нивна реализација и начинот на оценување на постигањата на учениците. Наставните програми делумно се прилагодуваат на потребите на учениците, со промена на бројот на часови предвидени за реализација на одделни теми, а и редоследот на одделни теми се менува заради корелација со други наставни предмети.**

**Родителите, учениците и наставниците немаат влијание во содржините од наставните планови и програми.**

**Училиштето нема можност да ги прилагодува наставните планови и програми кон потребите на локалната средина.**

**Учениците имаат можност да се развиваат самостојно преку проектни задачи, проекти, натпревари и т.н., а преку учество на различни спортски натпревари, турнири, крос и екскурзии, училиштето води грижа за физичката активност на учениците.**

**Образованието за човекови права, учениците го стекнуваат преку наставните содржини во наставните предмети историја, граѓанско образование, литература и преку проектните задачи.**

**Еколошки навики стекнуваат преку акцијата за собирање на стара хартија, собирање на капачиња и пластични шишиња и преку интегрирањето на Еко - стандардите во наставните содржини во одделни наставни предмети.**

**За успешно одвивање на наставниот процес во училиштето, на самиот почеток на учебната година наставниците изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања во кои ги даваат тематските содржини, наставните форми и методи, но и ги зацртуваат целите на реализирање на овие содржини.**

**Овие планирања ги изработуваат според наставните планови и програми доставени од Бирото за развој на образованието. Исто така се изработуваат во пишана и електронска форма на формулари изготвени од педагог на училиштето по урнек на формулари од Бирото за развој.**

**При изработка на истите наставниците меѓусебно комуницираат и разменуваат искуства и информации, но не во доволна мера како што недостасуваат стандарди за наставните предемти за поконкретно дефинирање на целите во планирањата. Во наставата се користат различни наставни форми и методи за работа, групна, индивидуална, практична активност, игра на улоги и др. За интеракција со учениците, наставниците користат дискусија, тестови, анкети, презентации, поставуваат прашања и др. Но за осовременување на наставата постои потреба за интензивирање на нови методи и техники.**

**Наставниците имаат можност да користат технички средства (компјутери, графоскоп, CD, фотокопир), стручна литература и др. За да ги задоволат потребите на учениците, но и да го подигнат нивото на реализирање на наставните содржини, но сепак нивната примена не е на завидно ниво. Наставниците повремено се упатуваат на семинари како начин за усовршување во својата струка. Тие ги пренесуваат своите искуства во меѓусебната комуникација, разменуваат мислења.**

**Учениците на самите часови преку различните наставни форми се охрабруваат да размислуваат самостојно, да разменуваат искуства и активно да се вклучат во наставата. Постои потреба овој начин на работа да се интензивира.**

Образовните потреби на учениците се идентификуваат преку нивно следење од страна на наставниците и педагошката служба, од резултати од контролните тестови од согледувањата од советите на паралелките и советот на родители и се одредува потребата од поинтензивна дополнителна и додатна настава.

Сите наставници во училиштето имаат определени термини за дополнителна и додатна настава која учениците можат да ја посетуваат. За да се овозможи учество на учениците во различни активности оформени со повеќе секции. Во нив учениците можат да ги прошират своите знаења. Во реализацијата на дополнителната и додатна настава, реален проблем е и големиот број на часови.

Напредокот на учениците се евидентира во дневникот за работа преку писмено и усно оценување, разговори со предметните наставници и класниот раководител. На крајот на секој класификационен период на советите на паралелката и советите на родители се анализира успехот на учениците и се предлагаат мерки за подобрување на успехот. Во училиштето постои интерен критериум за оценување на ученици. Поради различните способности, се води сметка при оценувањето.

Учениците за својот напредок се информираат во најголем случај веднаш на самиот час од предметниот наставник и на крајот на секој класификационен период. Родителите за успехот и напредокот на учениците се запознаваат преку класниот раководител, на родителските состаноци (кои се одржуваат на почетокот на учебната година, на крајот на првото тромесечие, на крајот на полугодието, на крајот на второто тромесечие и на крајот на учебната година). Класните раководители и останатите наставници имаат определени термини за прием на родители кога родителите можат да поразговараат за напредокот на учениците.

Во училиштето функционира и советот на родители кој е составен од претставници на родителите на учениците од секој клас и на своите состаноци ги разгледува напредокот на учениците и проблемите со кој се среќаваат учениците. Советот предлага мерки за подобрување на успехот и развој на училиштето. Сепак во училиштето се чувтсвува потреба од поконтинуирана соработка со сите родители.

## Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

1. Да се зголеми информираноста на учениците за случувањата во училиштето и надвор од него, во рамките на воннаставни активности-да се зголеми посетеноста на веб страна.
2. Да се превземат активности за осовременување и растеретување на наставните програми.
3. Да се унифицираат планирањата на наставниците.

4. **Да се подобри квалитетот на воннаставните активности преку зголемување на бројот на наставници и ученици**
5. **Да се зголеми соработката помеѓу активите, особено околу меѓупредметните цели на образованието.**
6. **Да се интензивира примената на нови наставни методи.**
7. **Да се афирмираат инструментите за следење на наставен час.**
8. **Да се евидентираат индивидуалните средби со родители во Дневникот за работа на паралелката од страна на класните раководители.**
9. **Да се подобри следењето на реализацијата на дополнителната и додатна настава.**
10. **Да се креира форма за размена на практични искуства од реализација на наставен час.**

# ПРИЛОГ ЗА ПОДРАЧЈЕ 1

*1.1. Наставен план*
*1.2. Наставни програми*

## 1. Прашалник за родители

**Ве молиме да одговорите на следните прашања проценувајќи ја точноста на тврдењето, односно степенот на присутноста, како и значајноста на дадениот исказ, по следната скала:**

| **ЗНАЧАЈНО** | **ТОЧНО/ПРИСУТНО** |
|---|---|
| **1-незначајно** | **1-неточно/не е присутно** |
| **2-значајно** | **2-делумно е точно/присутно** |
| **3-многу значајно** | **3 -точно/присутно во целост** |

| [ЗНАЧАЈН | | | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | Т ТОЧНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
| | | | **1. Известен/а сум за содржините и целите на наставните планови и програми** | | | |
| | | | **2. Задоволен/а сум од начинот и квалитетот на реализацијата на наставните** | | | |
| | | | **3. Информиран/а сум за изборните предмети што може да се реализираат** | | | |
| | | | **4. Има потреба од реализирање на проширена програма по одредени** | | | |
| | | | **5. Мислам дека е нарушена родовата и етничка рамноправност во наставните** | | | |
| | | | **6. Особеностите на локалната средина се интегрираат во наставните програми** | | | |
| | | | **7. Реализацијата на наставните планови и програми овозможува вградување на меѓупредметни цели** | | | |
| | | | **8. Наставните планови и програми се соодветни на возраста и потребите на** | | | |
| | | | **9. Запознаен/а сум со воннаставните активности кои се реализираат во** | | | |
| | | | **10. Запознаен/а сум со постигањата на учениците во воннаставните активности** | | | |

**11. Дали во училиштето се почитува правото на избор на изборните наставни предмети?**

**а) Да** **б) Не** **в) Не знам**

**12. На кој начин може да се интегрираат особеностите на локалната средина со наставните програми?**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________

**13. Кои се според вас главните недостатоци на наставните програми**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________

**14. Дали вonнаставните активности ги задоволуваат интересите и потребите на учениците?**

**а) Да** **б) Не** **в) Не знам**

**2. Прашалник за ученици**

| [ЗНАЧАЈН | | | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | Т ТОЧНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
| | | | 1. Известен/а сум за содржините и целите на наставните планови и програми | | | |
| | | | 2. Задоволен/а сум од начинот и квалитетот на реализацијата на наставните | | | |
| | | | 3. Информиран/а сум за изборните предмети што може да се реализираат | | | |
| | | | 4. Има потреба од реализирање на проширена програма по одредени | | | |
| | | | 5. Мислам дека е нарушена родовата и етничка рамноправност во наставните | | | |
| | | | 6. Особеностите на локалната средина се интегрираат во наставните програми | | | |
| | | | 7. Реализацијата на наставните планови и програми овозможува вградување на меѓупредметни цели | | | |
| | | | 8. Наставните планови и програми се соодветни на возраста и потребите на | | | |
| | | | 9. Запознаен/а сум со воннаставните активности кои се реализираат во | | | |
| | | | 10. Запознаен/а сум со постигањата на учениците во воннаставните активности | | | |

**11. Дали во училиштето се почитува правото на избор на изборните наставни предмети?**

**а) Да** **б) Не** **в) Не знам**

**12. Кои се според вас главните недостатоци на наставните програми?**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________

**13. Дали вонаставните активности ги задоволуваат интересите и потребите на учениците?**

**а) Да** **б) Не** **в) Не знам**

Прашалник за наставници

**1. Колку наставни програми реализирате оваа учебна година?**

______________________________________________________________________

**2. Колку содржините во наставната програма се компатибилни со потребите на пазарот на трудот?**

**а) доволно б) делумно в) недоволно**

**3. Дали сметате дека постои корелација меѓу содржините од различни наставни програми?**

**а) доволно б) делумно в) недоволно**

**4. Дали сметате дека содржините во наставните програми се соодветни со возраста на учениците?**

**а) целосно соодветни б) делумно соодветни в)несоодветни**

**5. Дали годишниот фонт на часови е соодветен на обемот на наставната програма?**

**а) да б) не**

**6. Дали некогаш сте дале писмено мислење за содржината и обемот на наставната програма која сте ја реализирале и каде?**

**а) да б) не**

_________________________________________________________________

**7. Дали сте учествувале во изготвување на наставна програма?**

**а) да б) не**

**8. Дали редовно изготвувате програма за дополнителна настава?**

**а) да б) не**

**9. Дали редовно изготвувате програма за додатна настава?**

**а) да б) не**

**10. Дали редовно изготвувате програма за вонннаставни активности?**

**а) да б) не**

## *Подрачје 2  ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ*

| ***Подрачје 2*** | ***ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ*** |
|---|---|
| Одговорен наставник | Александра Атанасовска |
| 1. | Верица Николовска |
| 2. | Соња Игњевска |
| 3. | Весна Димова |
| 4. | Соња Богатиноска |

Индикатори за квалитет:

2.1 Постигања на учениците

2.2 Задржување/осипување на учениците

2.3 Повторување на учениците

3.6 Известување за напредокот на учениците

4.4 Следење на напредокот

5.2 Промовирање на посигањата

| Бр. | Индикатори на квалитет во рамките на подрачјето | Теми кои ги опфаќа секој индикатор |
|---|---|---|
| 2.1 | **Постигања на учениците** | • Следење на постигањата на учениците од различен пол,етничка припадност(и јазикот на наставата)по наставни предмети и квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава<br>• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби |
| 2.2 | **Задржување/осипување на учениците** | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3 | **Повторување на учениците** | • Ученици кои не ја завршуваат годината |
| 3.2 | **Известување за напредокот на учениците** | • Известување на родителите за напредокот на учениците |
| 4.4 | **Следење на напредокот** | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Анализа на напредокот на учениците по паралелки |
| **5.2** | **Промовирање на посигањата** | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |

## 2.1 Постигања на учениците

| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| **-Дневник на паралелките**<br>**-Е-дневник**<br>**-Полугодишен и годишен извештај на училиштето**<br>**-Статистички извештаи за резултатите на крајот на полугодието и крајот на учебната година**<br>**-Годишна програма за работа и годишен извештај на училиштето** | <u>Следење на постигањата на учениците од различен пол,етничка припаднос(и јазикот на наставата)по наставни предмети и квалификациони периоди</u><br>Училиштето располагата со податоци за постигањата на учениците и тие резултати се сумираат на полугодие и на крајот на учебната година по сите наставни предмети и тоа според полот на учениците, додека во однос на етничката припадност истакнуваме дека во нашето училиште учат најмногу Македонци, 1 Влав и 2 ученика од Ромска националност.Наставата во нашето училиште се изведува на македонски јазик од прво до деветто одделение.За постигањата на учениците, родителите редовно се известуваат преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение , а во поново време родителите имаат можност тоа да го прават и преку електронскиот дневник. Родителите редовно добиваат известување за успехот и преку СМС пораки.<br>Учениците од I до III одделение описно се оценуваат.<br>Учениците во текот на целата учебна година се следат и оценуваат и успехот кај учениците од IV,V и VI одделение во првото и третот тримесечие се оценува описно ,а на полугодие и на крајот на учебната година нивниот успех со оценува со оценки(бројчано).Останатите ученици од VII , VIII и IX одделение во текот на целата учебна година се оценува бројчано .За објективно оценување и вреднување на стекнатите знаења на учениците се користат контролни задачи, неформални тестови на знаења и писмени работи. Оценувањето е континуирано со постојано следење на развојот на ученикот со однапред утврдени критериуми |

| | |
|---|---|
| **-Записник од Совет на родители**<br><br>**-Записник од Училишен одбор**<br><br>**-Извештаи од стручна служба**<br><br>**-Разговор со стручна служба**<br><br>**-Програма за дополнителна и додатна настава**<br><br>**-Листа на одржани обуки во рамките на професионален развој на наставниците**<br><br>**-Записници од Наставнички Одделенски совети**<br><br>**-Записници од Стручни активи**<br><br>**-Анкети со наставници,родитеи, деца** | за потребното ниво.<br><br>**Средниот успех на ниво на училиште е следен: Прво полугодие учебна** 2017 /2018 година **– е 4.53, а прво полугодие од учебна** 2018 /2019 **година е 4.59.**<br>**Крај на учебна** 2017/2018 **година е 4.76, а крај на учебна** 2018/2019 **година е 4.79.**<br><br><u>Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)</u><br>**Во нашето училиште нема дискриминација според полова и етничка припадност.Најголем дел од учениците се Македонци,многу мал дел се од Ромска националност (двајца)и власи (еден) .Иако застапеноста на ученици од други етнички заедници е мала се настојува да бидат третирани подеднакво како и мнозинството ученици и да се внимава континуирано на нивниот успех .**<br><br><u>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава</u><br>Наставниците ги применуваат сите наставни форми со акцент на индивидуализирана настава, групна, настава во парови. Се посетуваат организираните семинари на кои наставниците стекнуваат професионално искуство и се забележува појасно дефинирање на целите во наставата. Заради интересот и потребата на учениците се организираат часови за дополнителна и додатна настава на кои учениците имаат можност да ги дополнат пропуштените содржини и искуства кои не можеле да ги стекнат на редовните часови како и ученици кои подолго отсуствувале од наставата поради болест. Врз основа на анкетите спроведени со учениците може да се согледа дека учениците се задоволни од реализацијата на дополнителната настава на која учениците имаат можност да ги дополнат своите знаења во непосреден и и индивидуаилизиран контакт со наставникот и бараат истата да продолжи во континиутет.<br><br><u>Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби</u><br><br>При упис во нашето училиште секое прваче се тестира од страна на стручната служба и доколку се идентификуваат ученици со посебни образовни потреби го насочуваме родителот за мислење од Центарот за ментално здравје.Во текот на учебната 2017/2018 година се опфатени 2 ученика со посебни образовни потреби 1 ученик во 7 -а одд и 1 ученик во 4-б |

| | |
|---|---|
| | одделение. Во учебната 2018/2019 опфатени се три ученици со посебни образовни потреби-1 ученик 5в, 1 ученик 7в, и 1 ученик 8а одд.<br>Учениците со потешкотии во учењето како и надарените ученици се идентификуваат од страна на наставниците(одделенскиот или предметниот ) наставник.<br>За овие ученици се организира дополнителна,додатна настава и слободни ученички активности(секции).<br>За овие активности наставникот има изготвено програма според која работи. |

## 2.2 Задржување /осипување на учениците

| Извори на податоци | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| - **Главни книги**<br>**-Годишна програма за работа на училиштето**<br>**-Статистички извештаи**<br>**-Список на ученици од реонот на училиштето кои треба да се опфатат во I одделение според Локалната самоуправа**<br>**-Преведници**<br>**-Согласности**<br>**-Податоци од педагошко психолошката служба**<br>**-Податоци од одделенските раководители, одделенските дневници ,**<br>**Е-**<br>**-Записничка книга дневник за новодојдени и отпишани ученици** | Во училиштето се настојува да бидат запишани сите првачиња кои според реонизацијата припаѓаат во ООУ ,,Партенија Зографски".Училиштето има долгогодишна соработка со повеќето градинки на територијата на Кисела Вода ,но најголема со клонот „Мимоза" од градинката Весели цветови бидејќи се во непосредна близина на училиштето , лесно за соработка и организација на работилници меѓу децата и наставниците од нашето училиште .<br><u>Опфат на ученици</u><br>На крајот на Првото полугодие од учебната 2017/2018 година имало 508 ученици, од кои 240 машки и 268 женски.На крајот на учебната 2017/2018 година имало 507 ученици, од кои 239 машки и 268 женски.<br>На крајот на Првото полугодие од учебната 2018/2019 година имало 511 ученици, од кои 241 машки и 270 женски.На крајот на учебната 2018/2019 година имало 514 ученици, од кои 244 машки и 270 женски.<br><u>Редовност во наставата</u><br>Во однос на редовноста на учениците училиштето води грижа за направените изостаноци,ги анализира причините за отсуство од настава и навреме презема мерки за подобрување на редовноста на учениците. За секое отсуство од настава наставникот бара образложение од родителиот-старателот да го оправда отсуството на неговото дете со негово присуство и медицинска белешка.Податоците за направени изостаноци(оправдани и неоправдани) на ниво на паралелка редовно се запишуваат во статистичките извештаи за успех и редовност на учениците.<br>**Изостаноци на крајот на учебната** 2017/2018 **год оправдани 5762 ,неоправдани 127 вкупно 5889.**<br>**Изостаноци на крајот на учебната** 2018/2019 **год оправдани 7318 ,неоправдани 49 вкупно 7367.**<br><br><u>Осипување на учениците</u><br>**Во нашето училиште не е евидентирано осипување на учениците.** |

| | |
|---|---|
| | Премин на ученици од едно училиште во друго<br>При премин од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење на педагошка документација<br>Издавање на преведница или давање на согласност за запишување во нашето училиште.Со добивање на овие документи се продолжува со запишување или отпишување на ученикот од главната книга,ученичката книшка ,евидентен лист или свидетелство. |

## 2.3 Повторување на учениците

| Извори на податоци | Информации кои се собрани |
|---|---|
| -**Годишен извештај за работа на училиштето**<br>**-Записник од Наставнички совет**<br>**-Увид во педагошка евиденција и документација** | Од годишниот извештај за работа на училиштето во тековната 2017 /2018 година и статистичките прегледи за успехот и поведението на учениците во истата таа учебна година нема ученици кои повторуваат .<br><br>Од годишниот извештај за работа на училиштето во тековната 2018 /2019 година и статистичките прегледи за успехот и поведението на учениците во истата таа учебна година нема ученици кои повторуваат . |

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

| Извори на податоци | Информации кои се собрани |
|---|---|
| -**Тестови**<br><br>**-Наставни листови**<br><br>**-Контролни задачи**<br><br>**-Писмени работи**<br>**-Родителски средби евидентирани во Одделенските дневници и електронските дневници**<br><br>**-Евидентни листови**<br><br>**-Свидетелство за завршено одделение**<br><br>**-Успех на учениците евидентиран во Е - дневник**<br><br>**-Анкети со родители**<br><br>**-Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители**<br><br>**-Советување на родители од страна на педагошко-психолошката служба.** | Одделенските и предметните наставници работат според однапред направена Годишна програма во која имаат планирано тестови(тематски, полугодишни, годишни), контролни задачи,писмени работи и наставни листови и со истите се врши проверка на знаењата (усвоеноста)на наставниот материјал.<br>Преку направените проверки родителите имаат увид за напредокот на своето дете.Родителите на учениците редовно се информираат за постигнатитот успех на своите деца преку редовни родителски средби, индивидуални средби и Е -дневникот.<br>На родителските средби се истакнува и се разговара за успехот на целата паралелка по сите наставни предмети ,а потоа секој родител добива евидентен лист во кој е впишан успехот за поединецот/ ученикот.<br>Евидентниот лист го изготвува одделенскиот наставник во одделенска настава,и класните наставници во предметна настава.Во предметната настава секој наставник по одредениот наставен предмет се изјаснува описно или бројчано за постигнатиот успех на учениците.<br>Училиштето во текот на една учебна година организира најмалку четири родителски средби и тоа: на крајот од првото тримесечие, на крајот од првото полугодие, на крајот од третото тримесечие и пред крајот на учебната година.<br>Пред да се поделат свидетелствата училиштето закажува уште една родителска средба со цел да ги информира родителите за постигнатиот успех на нивните деца во текот на целата учебна година.<br>Доколу родителите имаат некои забелешки можат да поднесат и приговор .<br><br>Родителски средби одржани во текот на учебната 2017 /2018 година се:**06.09.2017, 13.11.2017; 23.01.2018;11.04.2018; 13.06.2018 и30.06.2018.**<br>Родителски средби одржани во текот на учебната 2018 /2019 година се: **09.09.2018,; 07.11.2018;21.01.2019 ; 11.04.2019;17.06.2019; 22.06.2019.**<br><br>**Прилиог: евидентни листови и свидетелства за завршено одделение.**<br><br>Во истито ден кога се одржуваат родителските средби во нашето училиште има и отворен ден на сите наставници кои се достапни за консултација и индивидуално образложување на успехот на ученикот.<br>Одделенските наставници и предметните наставници кога ја изготвуваат Годишната програма за работа изготвуваат и распоред за отворн ден во кој може секој родител да дојде и индивидуално да се информира за успехот и поведението на своето дете.Да побара мислење за подобрување на успехот со |

| | |
|---|---|
| | Одење на дополнителна или додатна настава.Индивидуалните родителски среби се запишуваат во одделенскиот дневник на стр 6,7,8 и 9.<br>Секој родител за успехот може да се информира и од обработените писмени и контролни задачи.<br>Родителите напредокот на своите деца можат да го следат и преку Е -дневникот од страна 6 до 13 стр.за учениците до трето одделение и од страна 16 до 35 за учениците од четврто до деветo одделение. |

### 4.4 Следење на напредокот на учениците

| Извори на податоци | Информации кои се собрани |
|---|---|
| **-Одделенски дневник**<br><br>**-Годишен и полугодишен извештај на училиштето**<br><br>**-Записници од состаноци на стручните активи**<br><br>**-Записници од наставничките и одделенските совети**<br>**-Чек листи**<br><br><br>**-Статистички извештаи за успехот на учениците** | <u>Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците</u><br><br>Во нашето училиште наставниците континуирано ги следат и проверуваат стекнатите знаење на учениците преку формативно и сумативно оценување ,водат целосна и уредна евиденција со запишување на постигнатите резултати во предходно изработени чек листи поединечно за секој наставен предмет.Континуираното следење им овозможува на наставниците пореално и пообјективно да ја формираат крајната оценка за ученикот.Изготвените чек листи пак му се доказ на наставникот за усвоеноста на материјалот по наставни теми и наставни единици.Во текот на учебната година родителите најмалку четири пати се известуваат за напредокот на учениците,нивниот интелектуален,емоционален и социјален развој.<br>За секој квалификационен период од годината наставникот потполнува извештај во кој го внесува постигнатиот успех на паралелката.На крајот од годината постигнатиот успех на учениците се внесува во свидетелство,а истите параметри се внесуваат и во главтана книга со цел да се има трајни податоци за постигањата на учениците.<br><u>Анализа на напредокот на учениците по паралелки</u><br>Успехот на учениците се анализира на секој одделенски и наставнички состанок.Такви аназизи се прават во текот на првото тимесечие,на карјот од првото полугодие,трето тримесечие и на крајот на учебната година.Секој наставник јавно го референира постигнатиот успех на |

**по паралелки**

паралелката и за истиот се води записник.

Учениците од прво до трето одделение се оценуваат описно ,исто така описно се оценуваат учениците од IV ,V и VI одделение само во првото и третото тримесечие.

Останите ученици од VII,VIII и IX одделение се оценуваат бројчано во текот на целата учебна година.

На одделенските совети се анализира и како да се подобри успехот кај послабите ученици како да се мотивираат и поттикнат да работата подобро.За учениците се потешкотии се изготвуваат индивидуални програми.

Нашите ученици се подготвуваат и постигнуваат големи резултати на натпреварите кои се реализираат на ниво на училиште, општина ,град и држава.За сите постигнати успеси училиштето ги наградува учениците со пофалници или благодарници.

**Општ успех на учениците на крајот на учебната 2017/2018 година**

| Одд | Вкупно ученици | Одлични | Многу добри | Добри | Доволни | Вкупно позитивни | Неоценети | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | **56** | **Описно** | | | | | | |
| II | **63** | **Описно** | | | | | | |
| II | **48** | **Описно** | | | | | | |
| IV | **66** | **61** | **4** | **1** | **/** | **66** | **/** | **4,84** |
| V | **61** | **58** | **3** | **/** | **/** | **61** | **/** | **4,89** |
| I-V | **294** | **119** | **7** | **1** | **/** | **127** | **/** | **4,86** |
| VI | **66** | **51** | **10** | **5** | **/** | **66** | **/** | **4,63** |
| VII | **38** | **26** | **11** | **1** | **/** | **38** | **/** | **4,55** |
| VIII | **61** | **45** | **16** | **/** | **/** | **61** | **/** | **4,67** |
| IX | **48** | **40** | **8** | **/** | **/** | **48** | **/** | **4,78** |
| VI-IX | **213** | **162** | **45** | **6** | **/** | **213** | **/** | **4,66** |
| IV-IX | **340** | **281** | **52** | **7** | **/** | **340** | **/** | **4,76** |

**Општ успех на учениците на крајот на учебната 2018 /2019 година**

| Одд | Вкупно ученици | Одлични | Многу добри | Добри | Доволни | Вкупно позитивни | Неоценети | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | **52** | **Описно** | | | | | | |
| II | **58** | **Описно** | | | | | | |
| II | **65** | **Описно** | | | | | | |
| IV | **49** | **49** | **/** | **/** | **/** | **49** | **/** | **4,99** |
| V | **68** | **62** | **6** | **/** | **/** | **68** | **/** | **4,88** |
| I-V | **292** | **111** | **6** | **/** | **/** | **117** | **/** | **4,93** |
| VI | **56** | **45** | **11** | **/** | **/** | **56** | **/** | **4,75** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VII | **68** | **54** | **9** | **5** | **/** | **68** | **/** | **4,55** |
| VIII | **36** | **26** | **9** | **1** | **/** | **36** | **/** | **4,59** |
| IX | **62** | **52** | **9** | **1** | **/** | **62** | **/** | **4,74** |
| VI-IX | **222** | **177** | **38** | **7** | **/** | **222** | **/** | **4,66** |
| IV-IX | **339** | **288** | **44** | **7** | **/** | **339** | **/** | **4,79** |

## 5.2 Промовирање на постигањата

| Извори на податоци | Информации кои се собрани |
|---|---|
| -**Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**-Пофалби,награди , благодарници**<br>**-Интервју со наставници,стручни соработници,ученици, Родители**<br><br>**-Медиумско промовирање на постигањата на учениците**<br><br>**-Годишен извештај**<br><br>**-Записници од стручни активи**<br><br>**-Одделенски дневници** | Промовирање на личните постигања на учениците<br>Учениците со започнувањето на прво одделение се следат како напредуваат и кои талент или надареност го поседуваат.Одделенскиот наставник е тука за тоа да го открие и да го насочи ученикот кон одредена област да се докажува и истакнува соодветно на неговото интересирање.<br>Секако во овој дел голема улога имаат родителите доколку учествуваат и го подржуваат ученикот и наставникот.<br>Додека за оние ученици кои имаат потешкоитии се изготвуваат индивидуални програми.<br>Во нашето училиште има изготвено правилник според кој се избира ученик на генерација и ученик на годината.<br>Со ова признание ги мотивираме учениците повеќе да учат и да учествуваат во училишните и вонучилишните натпревари.<br>Ученикот на годината и ученикот на генерација добиваат дипломи како и скромни подароци од училиштето.<br>Со ова се поттикнуваат и останатите ученици.<br><br>Промовирање на постигањата во име на училиштето<br>Сите ученици во ова училиште се оценуваат подеднакво исто и за сите важат истите стандарди и критериуми.Во нашето училиште нема фаворизирање на ученици според етничка и полова придпадност.На секој ученик му е дозволено доброволоно да учествува на училишните и вон училишните актвиности.Учениците од ова училиште се активни и учествуваат на најразлични натпревари(училишни,општински,регионали ).Сите ученици кои |

| | |
|---|---|
| **-Промовирање на постигањата на учениците на училишниот веб портал**<br><br>**-Изложени трудови на ученици**<br><br>**-Признанија,пофалници, дипломи** | поседуваат талент за одреден наставен предмет посетуваат додатна настава како и слободни ученички активности.Учениците со своите успеси се промовираат сами себе но и училиштето.Земавме учество на забавно рекреативни емисии,натпревари во одбојка,фудбал,кошарка,пинг понг,ракомет,багминтон како и меѓународниот математички натпревар Кенгур.Учениците кои покажаа интерес за природните науки земаа учество на натпревари по наставните предмети биологија и хемија.Од нашето училиште секоја година се зема учество во ликовно и литературно творење и одбележување на Денот на мајчиниот јазик.За издвоените успеси учениците добиваат дипломи,благодарници и пофалници.Сите трудови на учениците се истакнуваат во соодветните катчиња во училиштето како и на веб страната на училиштето. |

## Обработка на прашалници

| Извори на податоци | Информации кои се собрани |
|---|---|
| **Анкетни прашални за ученици, родители и наставници** | Според направената анализа за постигањата, учениците сметаат дека нивните постигања се резултатот на големиот поттик и помош што го добиваат од наставниците со 72%. Сметаат дека значајни се и знаењата кои ги стекнале во училиштето кои може да ги користат и во секојдневните ситуации 83, 91%, како и за осамостојување и снаодливост со 75.22%.<br>Кога зборуваме за присутност учениците се изјасниле дека присуството на часовите се доволни за да можат да одговорат на барањата на писемните работи, контролните задачи и усмените проверки со 69.57% и знаењата стекнати на редовните часови и на часовите за додатна настава се доволни за да можат да се натпреваруваат на училишно и општинско ниво со 60%.<br>Што се однесува до родителите, тие сметаат сметаат дека знаењата кои учениците ги стекнуваат на час се доволни за да можат учениците да одговорат на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмнените проверувања со 46.57%, но и дека присуството на часовите и знаењата стекнати за време на наставата за учениците се многу значајни и им помагаат на учениците во нивното осамостојување и иницијативност со 73.91%.<br>Според анализата родителите сметаат дека знаењата што учениците ги добиваат им помагаат на учениците во снаоѓањето во сегашниот и идниот приватен и професионален живот, како и во осамостојувањето, иницијативноста и снаоѓање во нови и непознати ситуации 78.26%.<br>Кога станува збор за наставниците, за нив многу значајно е дека знаењата стекнати во училиште им помагаат на учениците во нивното осамостојување и иницијативност со 80.%. Според нив значајно е дека успехот на учениците е резултат на нивната работа и залагање со 80% и сметаат дека знаењата стекнати на редовните часови и на часовите за додатна настава |

| | |
|---|---|
| **-Прашалник за вонннаставни активности**<br><br>**Анализа на постигањата на учениците надвор од училниците и надвор од училиштето**<br><br>**Анализа на вредности кај учениците преку прашалници/анкети со наставници и ученици** | се доволни за да можат да се натпреваруваат на училишно и општинско ниво со 70,23%.<br>Наставниците сметаат дека знаењата кои учениците ги стекнале за време на часовите се доволни за да можат да одговорат на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмените проверки со 83.91% и сметаат дека знаењата стекнати во училиштето им помагаат на учениците во нивното осамостојување и иницијативност со 56.52%. Знаењата што ги добиваат учениците им помагаат да се снаоѓаат во сегашниот и идниот приватен и професионален живот, како и во осамостојувањето, иницијативноста и снаоѓањето во нови и непознати ситуации со 60.87%.<br><br>Според направената анализа, учениците сметаат дека многу значајно за нив е дека вонннаставните активности надвор од училиштето се одржуваат во точно одредено време кое не се поклопува со часовите од редовната настава и дека наставниците им помагаат да се подготват за натпревари со 58,8%. За нив значајно е дека се информирани за вонннаставните активности кои се организираат надвор од училиштето (спортски натпревари, културни манифестации и др.) со 52,9%.<br>Учениците сметаат дека доброволно, без притисок на наставниците се одлучуваат за учество во некоја секција со 76,4%, а запознаени се со вонннаставните активности кои училиштето ги организира со 58,8%.<br>За родителите е важно учениците да се информираат навремено за вонннаставните активности кои ги организира училиштето со 73.91%, значајно е и учениците да земат учество во секциите што се одржуваат во училиштето со 76,4 %.<br>Според родителите вонннаставните активности што ги организира училиштето одговараат на интересот на учениците со 65.22%.<br>За наставниците многу значајно е тоа што учениците се информирани за вонннаставните активности кои се организираат надвор од училиштето (спортски натпревари, културни манифестации и др.) со 100.00% како и корисноста од секциите во училиштето со 78.26%. Значајно за нив е што вонннаставните активности одговараат на интересот на учениците и им помагаат да се подготват за натпревари со 64,7%.<br>Наставниците се во целост свесни дека учениците се свесни за тоа колку се корисни секциите во училиштето и нивната помош за подготовките за натпревари со 91.30%.<br><br>Анализата направена на наставниците покажува дека многу значајно за нив е користењето на бројни наставни средства со чија помош би го привлекувале вниманието на учениците, а со тоа би ја зголемиле мотивираноста со 30 %, како и изборот на примери и задачи кои се поинтересни за учениците со 100 %. Значајно за наставниците е изборот на разни методи и форми на работа, бројни наставни средства и поттикнување на учениците на мисловна активност 100%.<br>Значајно за наставниците е и упатување на учениците за користење на додатна литература неопходна за самостојно стекнување на знаења и вештини со 90%. |

| | |
|---|---|
|---|---|
| | <br><br>Постои меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини.<br><br>**На изјавата дека постои меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини, од вкупно 30 анкетирани наставници, родители и ученици:**<br>- 16 ученици (53,33%), 14 наставници (46,66%) и 16 родители потполно се согласуваат(53,33).<br>- 9 ученици (30%), 13 наставници (43,33%) и 8 родители воглавно се согласуваат(26,66%).<br>- 3 ученици (10%), 3 наставници (10%) и 5 родители делумно се согласуваат (16,66%).<br>- само 2 ученици (6,66%) и 1 родител не се согласуваат (3,33%). |




Се преземаат иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми.

**На изјавата дека се преземаат иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми, од вкупно 30 анкетирани наставници, родители и ученици:**

- 13 ученици (43,33), 17 наставници (56,66%) и 16 родители потполно се согласуваат(53,33%).
- 9 ученици (30%) , 8 наставници (26,66%) и 4 родители воглавно се согласуваат (13,33%).
- 4 ученици (13,33%), 5 наставници (16,66%) и 4 родители делумно се согласуваат (13,33).
- 4 ученици(13,33%), 1 наставник (3,33%) и 6 родители не се согласуваат (20%).



| | |
|---|---|
| | Се организираат трибини/работилници и други активности за почитување на различностите.<br><br>**На изјавата дека се организираат трибини/работилници и други активности за почитување на различностите, од вкупно 30 анкетирани наставници, родители и ученици:**<br>- 8 ученици (26,66%), 10 наставници (33,33%) и 13 родители потполно се согласуваат (43,33%).<br>- 10 ученици (33,33%), 14 наставници (46,66%) и 5 родители воглавно се согласуваат (16,66%).<br>- 7 ученици (23,33%), 6 наставници (20%) и 7 родители делумно се согласуваат (23,33%).<br>- 4 ученици (13,33%) и 5 родители не се согласуваат (16,66%).<br><br><br><br>- <u>Комуникација: стручен соработник – ученик</u><br><br>**Учениците се доволно информирани за дејноста што стручниот соработник (СС) ја извршува во училиштето.**<br><br>**На изјавата дека учениците се доволно информирани за дејноста што стручниот соработник (СС) ја извршува во училиштето, од вкупно 30 анкетирани наставници, родители и ученици:** |

| | |
|---|---|
| | - 12 ученици (40%), 13 наставници (43,33%) и 14 родители потполно се согласуваат (46,66%).<br>- 8 ученици (26,66%), 9 наставници (30%) и 8 родители воглавно се согласуваат (26.66%).<br>- 4 ученици (13,33%), 7 наставници (23,33%) и 4 родители делумно се согласуваат (13,33%).<br>- 5 ученици (16,66%), 2 наставници (6,66%) и 4 родители не се согласуваат (13,33%).<br><br><br><br>Учениците имаат слобода да побараат помош и поддршка од СС доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии во и надвор од училиштето.<br><br>**На изјавата дека учениците имаат слобода да побараат помош и поддршка од СС доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии во и надвор од училиштето, од вкупно 30 анкетирани наставници, родители и ученици:**<br>- 15 ученици (50%), 15 наставници (50%) и 15 родители потполно се согласуваат (50%).<br>- 7 ученици (23,33%), 8 наставници (26,66%) и 7 родители воглавно се согласуваат (23,33).<br>- 7 ученици (23,33%), 5 наставници (16,66%) и 6 родители делумно се согласуваат (20%).<br>- 1 ученик (3,33%), 2 наставници (6,66%) и 2 родители не се согласуваат(6,66%). |

| | |
|---|---|
| | <br>Се даваат редовни информации и се спроведуваат активности при професионалната ориентација и одредување на идното  занимање.<br><br>**На изјавата дека се даваат редовни информации и се спроведуваат активности при професионалната ориентација и одредување на идното  занимање, од вкупно 30 анкетирани наставници, родители и ученици:**<br>- 9 ученици (30%), 10 наставници (33,33%) и 9 родители потполно се согласуваат (30%).<br>- 9 ученици (30%), 13 наставници (43,33%) и 10 родители воглавно се согласуваат (33,33%).<br>- 6 ученици (20%), 6 наставници (20%) и 6 родители делумно се согласуваат (20%).<br>- 6 ученици (20%), 1 наставник (3,33%) и 5 родители не се согласуваат (16,66%). |




Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето.

**На изјавата дека учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето, од вкупно 30 анкетирани наставници, родители и ученици:**

- 14 ученици (46,66%), 16 наставници (53,33%) и 18 родители потполно се согласуваат (60%).
- 8 ученици (26,66%), 7 наставници (23,33%) и 7 родители воглавно се согласуваат (23,33).
- 5 ученици (16,66%), 5 наставници (16,66%) и 4 родители делумно се согласуваат(13,33%).
- 3 ученици (10%), 2 наставници (6,66%) и 1 родител не се согласуваат (3,33%).




**За подобрување на успехот, редовноста и дисциплината редовно се организираат советувања за учениците.**

**На изјавата дека за подобрување на успехот, редовноста и дисциплината редовно се организираат советувања за учениците, од вкупно 30 анкетирани наставници, родители и ученици:**

- 16 ученици (53,33%), 13 наставници (43,33%) и 18 родители потполно се согласуваат (60%).
- 4 ученици (13,33%), 9 наставници (30%) и 6 родители воглавно се согласуваат (20%).
- 1 ученик (3,33%), 6 наставници (20%) и 3 родители делумно се согласуваат (10%).
- 8 ученици (26,66%), 2 наставници (6,66%) и 3 родители не се согласуваат (10%).

| | |
|---|---|
| |  |



## III. Комуникација со окружувањето на училиштето

| Извор на информации: | Собрани информации: |
|---|---|
| **Анкетни прашалници за наставници**<br><br>**Педагошка евиденција**<br><br>**Е-дневник**<br><br>**Записници од родителски средби**<br><br>**Записници од Совет на родители и УО**<br><br>**Извештаи од отворени часови за соработка со родители** | o <u>Комуникација со родителите на учениците</u><br><br>Постои активна вклученост на родителите во организација на предавања, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми.<br><br>**На изјавата дека постои активна вклученост на родителите во организација на предавања, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми, од вкупно 30 наставници, 25 се согласиле со изјавата (83,33%), 1 се изјаснил не (3,33%), додека 4 со незнам (13,33%).**<br><br> |

**Годишна програма за соработка со родители**

**Годишен извештај за работата на Советот на родители**

**Годишна програма за работа на училиштето**

**Извештаи од семинари, натпревари, обуки и предавања**

**Меморандуми за соработка со други образовни институции**

**Извештаи од реализирани посети**

**Извештаи за реализирани активности**

**Апликации за обезбедување средства**

**Извештаи од посети на граѓански здруженија**

Родителите учествуваат при реализација на проекти.

**На изјавата дека родителите учествуваат при реализација на проекти, од вкупно 30 наставници, 25 се согласиле со изјавата (83,33%), 2 се изјасниле не (6,66%), додека 3 со незнам (10%).**




- <u>Комуникација со институциите од централно ниво МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ</u>

Постои континуирана соработка со релевантните институции (МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ)

**На изјавата дека постои континуирана соработка со релевантните институции (МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ), од вкупно 30 наставници, 24 се согласиле со изјавата (80%), 3 се изјасниле не (10%) и 3 со незнам (10%).**




- <u>Комуникација со: институциите од Локалната самоуправа – Градоначалник,</u>

| | |
|---|---|
| | <u>општински совет и јавни установи</u><br><br>Градоначалникот и Советот на општината донесуваат одлуки во насока на подобрување на начинот на работа и условите за работа во училиштето<br><br>**На изјавата дека Градоначалникот и Советот на општината донесуваат одлуки во насока на подобрување на начинот на работа и условите за работа во училиштето, од вкупно 30 наставници, 18 се согласиле со изјавата (60%), 4 се изјасниле не (13,33%), додека 8 со незнам (26,66%).**<br><br><br>Се остварува соработка со ЛС преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето<br><br>**На изјавата дека се остварува соработка со ЛС преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето, од вкупно 30 наставници, 21 се согласиле со изјавата (70%), 2 се изјасниле не (6,66%), додека 7 со незнам (23,33%).** |

| | |
|---|---|
| | <br>Постои соработка со јавните установи во области од нивен домен<br><br>**На изјавата дека постои соработка со јавните установи во области од нивен домен, од вкупно 30 наставници, 22 се согласиле со изјавата (73,33%), 1 се изјаснил не (3,33%), додека 7 со незнам (23,33).**<br><br><br>○ <u>Комуникација со други образовни институции во РМ и странство</u><br><br>Училиштето остварува соработка со други образовни институции во РМ и надвор од неа<br><br>**На изјавата дека училиштето остварува соработка со други образовни институции во** |

| | |
|---|---|
| | **РМ и надвор од неа, од вкупно 30 наставници, 24 се согласиле со изјавата (80%), 2 се изјасниле не (6,66%), додека 4 со незнам (13,33%),**<br><br><br><br>Училиштето има потпишано меморандум за соработка и збратимување со други училишта од РМ и надвор од неа<br><br>**На изјавата дека училиштето има потпишано меморандум за соработка и збратимување со други училишта од РМ и надвор од неа, од вкупно 30 наставници, 24 се согласиле со изјавата (80%), 1 се изјаснил не (3,33%), додека 5 со незнам (16,66%)**<br><br><br><br>○ <u>Комуникација со: граѓански здруженија и донатори</u><br><br>Училиштето при реализација на одредени проекти, акции и сл. остварува соработка со граѓански здруженија и донатори |

| | |
|---|---|
| | **На изјавата дека училиштето при реализација на одредени проекти, акции и сл. остварува соработка со граѓански здруженија и донатори, од вкупно 30 наставници, 21(70%) се согласиле со изјавата, 4 се изјасниле не (13,33%), додека 5 со незнам (16,66%).**<br><br><br>Училиштето има потпишано меморандум за соработка со граѓански здруженија<br><br>**На изјавата дека училиштето има потпишано меморандум за соработка со граѓански здруженија, од вкупно 30 наставници, 13 се согласиле со изјавата (43,33%), 4 се изјасниле не (13,33%), додека 13 со незнам (43,33%).**<br><br><br>○ Комуникација со бизнис сектор<br><br>Преку организирани предавања, трибини и извршени посети учениците се запознаваат со |

| | |
|---|---|
| | определени дејности од бизнис секторот<br><br>**На изјавата дека преку организирани предавања, трибини и извршени посети учениците се запознаваат со определени дејности од бизнис секторот, од вкупно 30 наставници, 16 се согласиле со изјавата(53,33%), 4 се изјасниле не (13,33%), додека 10 со незнам (33,33%).**<br> |



**Клучни-јаки страни:**

- **Воглавно постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените, но постои простор за подобрување.**
- **Вработените најчесто се информирани за превземените активности од директорот и делумно учествуваат во донесувањето одлуки.**
- **Вработените воглавно имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритети.**
- **Стручниот соработник дава поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско,**

**тематско-процесно и оперативен план за час и најмалку два пати врши посета на наставен час кај секој наставник.**

- **Воглавно се врши дисеминација на обуки за воведените новини и измени во воспитно образовниот процес и наставниците добиваат поддржка при реализација на редоната, дополнителната и додатната настава, отворените часови и воннаставните активности.**
- **Постои соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии и постои поддршка при решавање на конфликтни ситуации.**
- **Во училиштето постои соработка помеѓу наставниците од иста или различна група предмети и се разменуваат искуства и идеи на ниво на стручните активи.**
- **Воглавно постои соработка со наставници од други училишта/општини во РМ.**
- **Се обезбедуваат навремени информации за сите законски измени кои се од интерес за наставниците и постои достапност до сите информации за непречено реализирање на работните обврски на сите вработени.**
- **Делумно се врши континуирано одржување/сервисирање на ИКТ опремата и наставните средства и помагала.**
- **Воглавно се води грижа за хигиената во училиштето.**
- **Редовно се одржуваат планираните состаноци на НС каде се даваат конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето.**
- **Состаноците се одржуваат согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето.**
- **Се вршат редовни анализи на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците поединечно, на ниво на паралелка и на ниво на училиште.**
- **Наставниците даваат конструктивни предлози за подобрување на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.**
- **Се даваат предлози за подобрување на оперативните планови за час и примена на нови наставни форми, методи и техники на учење при реализација на наставните часови.**
- **Се даваат предлози за меѓупредметна интеграција и за зголемена примена на ИКТ во наставата.**
- **Се превземаат активности за подобрување на квалитетот на наставата и се врши подобрување на стандардите и критериумите за оценување.**
- **Се даваат предлози за распределба на наставните часови по наставници и има формирано facebook група за размена на мислења и искуства во насока на подобрување на севкупната работа на наставниците.**
- **Постои соработка помеѓу наставниците и учениците и наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка.**
- **За време на часовите се преземаат активности за обезбедување пријатна атмосфера за работа и се дава редовна усна и писмена повратна информација за напредокот и постигањата.**
- **Постои можност за помош и поддршка на ученици со ПОП, емоционални, социјални и здравствени**

**потешкотии.**

- **Изборот на претставници во ученичката заедница се врши на транспарентен и демократски начин и постои меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини.**
- **Во училиштето се организираат работилници и други активности за почитување на различностите.**
- **Учениците се доволно информирани за дејноста што стручниот соработник ја извршува во училиштето и имаат слобода да побараат помош и подрршка.**
- **Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или планираат во училиштето.**

**Слабости:**

- **Почесто да се врши одржување/сервисирање на ИКТ опремата и наставните средства и помагала.**
- **Да се изготви Правилник за избор на наставници за посета на семинари и други стручни усовршувања.**

**Анализа на резултатите:**

**Врз основа на анализата на резултатите од обработените анкетни прашалници констатирано е дека во нашето училиште постои добра соработка на ниво на училиште, а тоа подразбира комуникација помеѓу директорот, стручната служба и наставниците. Вработените се информирани за преземените активности од страна на директорот, а од стручната служба редовно добиваат помош и поддршка при изработка на годишно, тематско, тематско процесно планирање и оперативен план на часот. Заеднички ги идентификуваат децата со ПОП, емоционални и други потешкотии. Стручната служба дава поддршка при решавање на конфликтни ситуации. На ниво на училница постои одлична комуникација и соработка помеѓу наставниците и учениците, како и помеѓу самите наставници. Што се однесува до комуникацијата со окружувањето, нашето училиште соработува со локалната самоуправа –Градоначалник, Совет на општина и јавни установи, има комуникација со други образовни институции во РМ, со граѓански здруженија и со бизнис секторот.**

## Идни активности

**Во нашето училиште ќе се стреми да ја продлабочува комуникацијата на ниво на училиште и да се подобри сервисирањето на ИКТ опремата и на наставните средства и помагала. Во најблиска иднина нашата стручна служба ќе изготви Правилник за избор на наставници за посета на семинари и други стручни усовршувања.**

## ***ПОДРАЧЈЕ 6  УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА***

| ***ПОДРАЧЈЕ 6*** | ***УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА*** |
|---|---|
| Одговорен наставник | Елизабета Илиеска |
| 1. | Влатко Станоески |
| 2. | Билјана Јовановска |
| 3. | Соња Панова |
| 4. | Виолета Павловска |

| Бр. | Оддели во рамките на подрачјето | Теми |
|---|---|---|
| **5.1** | **Училишна клима и односи во училиштето** | • **Углед/имиџ на училиштето**<br>• **Кодекс на однесување**<br>• **Училишна клима**<br>• **Поведение и дисциплина во училиштето**<br>• **Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки** |
| **5.3** | **Еднаквост и правичност** | • **Познавање на правата на децата**<br>• **Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br>• **Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот** |
| **4.1** | **Севкупна грижа за учениците** | • **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>• **Превенција од насилство**<br>• **Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>• **Квалитет на достапна храна**<br>• **Подршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br>• **Грижа за ученици од социјално загрозени семејства** |
| **4.2** | **Здравје** | • **Хигиена и заштита од болести**<br>• **Грижа за ученици со здравствени проблеми** |
| **4.3** | **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | • **Пружање помош при избор на занимање за понатамошно образование**<br>• **Грижа за ученици со емоционални потешкотии** |

| Бр. | Индикатор за квалитет | |
|---|---|---|
| **5.1** | **Училишна клима и односи во училиштето** | |
| | **Извори на податоци** | **Собрани информации:** |
| | **- Годишна програма за работа на училиштето 2017/2018 и 2018/2019**<br>**- Годишен извештај за работата на училиштето 2017/2018 и 2018/2019**<br>**- Годишна програма за работа и записници на тимот за Подобрување на квалитетот на додатната и дополнителната настава 2017/2018 и 2018/2019**<br>**- Награди и признанија**<br>**- Годишна програма и** | Углед/имиџ на училиштето<br>**Училиштето се истакнува со квалитетната работа која е насочена кон остварување на поставените цели, визијата и мисијата со активно вклучување на сите субјекти.**<br>**Учениците учествуваат на училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и остваруваат високи постигања во повеќе области.**<br>**Во училиштето се превземени повеќе активности за да се овозможи безбеден престој на учениците: безбедна инфраструктура, постојано присуство на дежурни наставници и ученици, поставено е обезбедување од агенција за обезбедување поставено со одлука на советот на родители, обезбедена е прва помош од страна на наставниците по физичко кои се обучени за тоа, обезбеден интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди.**<br>**Грижата за здравјето на учениците училиштето ја остварува преку обезбедена хигиена во училиштето на високо ниво, редовни систематски прегледи на учениците, редовна вакцинација и редовно информирање за начините на ширење на заразните болести и начините за превенција од нив.**<br>**Во училиштето се превземаат сите потребни мерки со цел да се обезбеди подеднаков третман на учениците од двата пола , а исто така и на учениците од различна** |

| | | |
|---|---|---|
| | **записници од работата на тимот за Инклузија на учениците со посебни образовни потреби и емоцион. потешкотии 2017/2018 и 2018/2019**<br>**- Програма и акционен план на тимот за Грижа за здравјето на учениците**<br>**- Годишна програма за работа и записници на Училишна ученичка заедница 2017/2018 и 2018/2019**<br>**- Годишна програма за работа и записници на тимот за Меѓуетничка интеграција на образованието 2017/2018 и 2018/2019**<br>**- Годишна програма за работа и записници од тимот за Подобрување и продлабочување на соработката со родителите 2017/2018 и 2018/2019**<br>**- Анкета за родители**<br>**- Анкета за ученици**<br>**- Анкета за вработени**<br>**- Акционен план за работа и записници од работата на Еко тимот 2017/2018 и 2018/2019** | **национална припадност и религиска определба, а исто така се превземаат и сите потребни мерки со цел да се овозможи инклузија на децата со потребни потреби во наставниот процес.**<br>**Родителите на најразличен начин се вклучени во воспитно-образовниот процес во училиштето , а во училиштето има и изработено стратегија за продлабочување на соработката со родителите.**<br><br>**Учениците на повеќе начини се вклучени во училишниот живот, ги искажуваат своите ставови, учествуваат во решавањето на проблеми и превземаат конкретни иницијативи.**<br>**Учениците се горди што се дел од училиштето што се потврдува и со спроведената анкета за ученици.**<br>**Училиштето остварува успешна соработка со локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата, спортски активности, ликовни конкурси, натпревари и друго.**<br>**Во училиштето од страна на Еко тимот, наставниците и учениците континуирано се реализираат активности од програмата “ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем’’.**<br><br>Кодекс на однесување<br>**Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти кои го сочинуваат: ученици, наставници, технички персонал, родители, раководен кадар, стручна служба. Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование со учество на претставници на сите структури на демократски начин. Повремено се разгледуваат кодексите и се дискутира за нивно дополнување и измена. Во кодексите јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат.Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексиите, кои доследно се применуваат.**<br>**Училиштето има изготвено и Еко-кодекс во кој на јасен и декларативен начин се покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи. Еко-кодексот содржи конкретни акции, пораки и правила кон кои ќе се придржуваат сите ученици, училишниот персонал, но и сите вклучени во Програмата.** |

| | | |
|---|---|---|
| | **- Кодекс на однесување на наставници, раководен кадар,стручна служба, технички персонал, ученици, родители**<br>**- ЕКО кодекс**<br>**- Куќен ред на училиштето**<br>**- Записници од наставнички совети**<br>**- Правилник за изрекување на педагошки мерки, воспитни мерки за направена нематеријална штета, парична надокнада за направена штета**<br>**- Процедурата и критериумите за оценување на наставници** | Училишна клима<br>**Училиштето води политика на заемно почитување, вклученост и рамноправен третман на сите етнички структури што учествуваат во училишниот живот затоа што тоа е основа за нормално функционирање на секоја работна организација. За да биде рамноправен третманот на сите етнички структури што учествуваат во училишниот живот т.е. за да се постигне рамноправност училиштето има исти критериуми за пофалби,награди но и казнувања на вработените.**<br>**Во училиштето постои професионална соработка помеѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштет, ова се остварува преку соработка и контрола.**<br>**Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други ,со што се упатува на воспоставена позитивна клима со воспоставена добра соработка помеѓу сите субјекти на воспитно-образовниот процес во училиштето.** |
| | **- Евиденција за изречени педагошки мерки**<br>**- Одделенски дневници**<br><br>**- Правилник за санкционирање на вработените за неизвршување на обврските**<br>**- Правилник за** | Поведение и дисциплина во училиштето<br>**Учениците и вработените ги почитуваат демократските усвоени правила на однесување на училиштето. Во системот мерки, изготвен е кодекс на однесување на учениците. За непочитување на кодексот на однесување утврдени се критериуми за изрекување на педагошки мерки. При изрекувањето на педагошките мерки се обезбедуваше еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применува Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки.**<br>**За време на наставата и вонпаставните активности присутна е позитивна работна атмосфера и соработка, учениците се мотивирани за работа и постои заемно почитување.**<br>**Дежурните наставници за време на одморите се присутни помеѓу учениците, го надгледуваат нивното однесување, се грижат за безбедно пристигнување, престој и** |

| | | |
|---|---|---|
| | изрекување на педагошки мерки<br>- Критериуми за изрекување на педагошки мерки<br>- Записници од МИО,, преглед од ЕКО тимови, евиденција од учество на ученици во воннаставни активности: хор, меѓуучилишни натпревари, патронат, оркестар, училиши спортски натпревари<br>- Анкета за ученици<br>- Анкета за вработени<br><br><br>- Годишен извештај за работата на училиштето 2017/2018 и 2018/2019- Правилник за изрекување на педагошки мерки<br>- Критериуми за изрекување на педагошки мерки<br>- Записници од работата на наставничкиот совет<br>- Одделенски дневници<br>- Правилник за изрекување на педагошки мерки, воспитни мерки за | заминување на учениците од училиштето. Во училиштето е поставен и видео надзор со цел безбедност и заштита на учениците, како и контрола на нивниот влез и излез 24 h на ден. Сето ова овозможува безбедноста на учениците да биде на високо ниво што се потврдува и со резултатите од анкетата. Имено најголем дел од анкетираните ученици изјавиле дека се чувствуваат безбедно во училиштето.<br>Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар што се гледа од резултатите од спроведената анкета за вработени и во прилог на ова оди намелениот број на изречени педагошки мерки од оваа учебна година во споредба со минатите.<br>Во училиштето посебно внимание се обрнува на поведението и дисциплината на учениците.<br>Вработените внимателно и авторитативно се справуваат со проблемите кои се појавуваат така што превземаат повеќе активности за надминување на истите. Имено континуирано се: водат разговори од страна на одделенските раководители и стручните соработници со учениците, родителите и наставниците. Во училиштето функционира и тим за Превенција на насилно однесување кој има изработено програма и протокол за справување со насилно однесување. Преку евидентирање на насилното однесување, изработка на паноа и презентации, дискусии на соодветни теми на одделенскиот час - Стоп за насилството им се овозможува да формираат критички став кон насилството.<br>Појавите на несоодветно однесување се евидентираат и се реагира според Правилникот за изрекување на педагошки мерки при што се земаат во предвид Критериумите за изрекување на педагошките мерки. При изрекувањето на педагошките мерки се обезбедуваше еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применува Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки.<br>Во училиштето не се евидентирани закани, провокации, навреди и /или пишани графити со негативна содржина упатени кон припадниците на различните етнички заедници, а како резултат на тоа ученици се чувствуваат безбедни во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | **направена нематеријална штета, парична надокнада за направена штета**<br>**- Куќен ред**<br>**- Процедура и критериуми за оценување на наставниците**<br>**- Кодекс на однесување на ученици и вработени**<br>**- Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки**<br>**- Правилник за санкционирање на вработените за неизвршување на обврските**<br>**- Извештај од посета на часови од страна на стручните соработници – Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето**<br>**- Евидентен лист за педагошки мерки**<br>**- Евидентен лист за дежурен наставник и ученик**<br>**- Програма за продолжен престој на учениците од прво, второ и трето одд. еден час пред** | Учество на учениците во донесување одлуки и решавање проблеми<br>**Во училиштето постои Училишна ученичка заедница чии членови се избрани на демократски начин и го одразуваат етничкиот состав на училиштето.**<br>**Во годишната програма за работата на училишната заедница во чија изработка учествуваат и учениците, посветено е особено големо внимание на зголемување на партиципацијата на учениците во решавањето на проблемите кои ги засегаат. За таа цел работата на заедницата беше насочена кон тоа учениците да добијат јасна слика во кои области од воспитно – образовниот процес во училиштето можат да делуваат и на кој начин би можеле да го остварат тоа.**<br>**Во реализацијата на својата програма таа добива поддршка од училиштето.**<br>**Континуирано во текот на целата учебна година учениците добиваат информации за се што е директно поврзано со нив и нивните интереси, но исто така се и активно вклучени во решавањето на проблемите при што се земаат во предвид нивните ставови, предлози и одлуки. Во рамките на одделенскиот час се обработуваат содржини во кои активно се вклучуваат учениците, а се однесуваат на различни проблеми кои се од интерес за учениците. Во рамките на училишната заедница учениците ги добиваат информациите кои се од нивни интерес кои потоа ги пренесуваат во својата паралелка, но исто така и проблемите во својата паралелка ги пренесуваат во училишната заедница и покренуваат иницијативи за нивно решавање. Учениците своите мислења и ставови имаат можност да ги искажуваат и преку дебатите организирани во рамките на училишната заедница чија тема ја избираат самите тие. Учениците ги искажаа своите ставови во однос на тоа како подготовките за претстојните новогодишни празници влијаат на соработката помеѓу децата, за улогата на училишната библиотека во учењето на учениците, за влијанието на социјалните мрежи врз комуникацијата на учениците, другарувањето и успехот во учењето , како да се оствари почитување и покрај различноста, како да се подобрат меѓусебните односи, за влијанието на друштвото врз односот на учениците кон нивното опкружување и др. Во врска со овие теми учениците добиваат можност и да ги искажат своите конкретни предлози, а и да превземат иницијативи. Во рамките на училишната заедница учениците добиваат можност да го испитуваат мислењето на учениците за теми кои се од нивни интерес преку анкети изработени од учениците во** |

| | | |
|---|---|---|
| | **почетокот и еден час по завршувањето на часовите**<br>**- Програма за превенција од насилното однесување**<br>**- Протокол за справување со насилното однесување**<br>**- Евидентен лист на насилно однесување помеѓу учениците**<br>**- Анкета за вработени**<br>**- Анкета за ученици**<br>**- Записници од наставнички совет, УО, родителски средби**<br>**- архива на секретар**<br><br><br>**- Правилник за работата на училишната заедница**<br>**- Годишен извештај за работата на училиштето 2017/2018 и 2018/2019 год.**<br>**- Годишна програма записници и извештај од работата на училишна ученичка заедница 2017/2018 и 2018/2019 год.**<br>**- Годишно - глобално тематско процесно и дневно планирање на одделенскиот час** | **кои посебно внимание се обрнува на предлозите од учениците за подобрување на ситуацијата за темата која се испитува.** |

| | | |
|---|---|---|
| | **- Евиденција на ученици од УЗ** | |
| **5.3** | **Еднаквост и правичност** | |
| | **Извори на податоци** | **Собрани информации:** |
| | **- Годишно - глобално,тематско процесно и дневно планирање по предметите општество, македонски јазик, граѓанско образование**<br>**-Тематско процесно и дневно планирање на одделенскиот час**<br>**- Годишна програма за работа и записници на училишна ученичка заедница 2017/2018 и 2018/2019**<br>**- Извештај од увидот во дневни подготовки и реализација на наставата - Тим за следење, анализа и** | Познавање на правата на децата<br>**Во училиштето се превземаат сите потребни мерки за сите вработени во училиштето да се запознаат со правата на децата и да се овозможи нивно почитување. За таа цел во кодексите за однесување на вработените се обрнува посебно внимание на нивниот однос кон учениците , со што се заштитуваат нивните права. Во училиштето на часовите по општество , македонски јазик , граѓанско образование и одделенски час учениците се запознаваат со Конвенцијата за правата на детето како документ со кој се заштитени нивните права. Учениците на часовите од спомenатите предмети се оспособуваат да ги практикуваат своите права и да ги препознаваат ситуациите на нивно прекршување. Во рамките на училишната заедница големо внимание се посветува на тоа учениците да научат на кој начин треба да ги оставаруваат правата во училиштето, се поттикнуваат да ги практикуваат своите права и да превземаат иницијативи за работи кои се од нивни интерес. Училиштето ги запознава родителите со правата на децата, а Конвенцијата за правата на детето е изложена и на родителското катче.** |

| | | |
|---|---|---|
| | **поддршка на оценувањето**<br>**- Кодекси за однесување на ученици, наставници и технички персонал**<br>**- Критериуми за изрекување на педагошки мерки,**<br>**- Правилник за изрекување на педагошки мерки,**<br>**- Евиденција за изречени педагошки мерки**<br>**- Годишна програма за работа и записници од тимот за подобрување и продлабочување на соработката со родителите 2017/2018 и 2018/2019**<br>**- Записник од родителска средба**<br>- **Анкета за ученици**<br><br><br>- **Правилник за изрекување на педагошки мерки**<br>**- Критериуми за пофалба на ученик во текот на една учебна година**<br>**- Критериуми за доделување пофалба и награда** | Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>**Во училиштето вработените правично и со почит се однесуваат спрема сите ученици без разлика на полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите на учениците.**<br>**За да се овозможи еднаквоста и правичноста во училиштето се изработени повеќе пишани документи кои овозможуваат подеднаков и правичен третман на учениците во училиштето: Правилник за изрекување педагошки мерки, воспитни мерки за направена материјална штета, парична надокнада за направена штета, процедура за поплаки и жалби по добиена оценка, Критериуми за изрекување педагошки мерки , Критериуми за пофалба на ученик во текот на една учебна година, Критериумите за доделување пофалба и награда, Правилник за доделување пофалба и награда, Кодекс за однесување на учениците, Етички кодекс за оценување на постигањата на учениците, инструменти за следење на постигањата на сите ученици.**<br><br>**Сето ова им помага на наставниците да обезбедат подеднаков третман на сите ученици и во активностите на часовите и во вонnаставните активности.Наставниците максимално ги користат наставните содржини особено од одделенскиот час и граѓанско образование за да ги запознаат учениците со поимот дискриминација, да ги оспособат да ја препознаваат дискриминацијата, да ги воочат штетните последици од неа и да ги научат учениците на кој начин да реагираат во конкретни ситуации кога се соочени со дискриминација.**<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот<br>**Во училиштето постојано се промовираат родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност, учениците се поттикнуваат да ги почитуваат и да ги прифатат културните разлики.**<br>**Учениците преку најразлични активности на часовите и воннаставните активности се** |

| | | |
|---|---|---|
| | - Правилник за доделување пофалба и награда<br>- Процедура за поплаки и жалби по добиена оценка<br>- Кодекси за однесување на ученици, наставници, родители, технички персонал<br>- Евиденција од учество на ученици вклучени во воннаставни активности<br>- Извештај по направениот увид во списокот за учество на ученици во воннаставни активности<br>-Годишно-глобално,тематско процесно и дневно планирање по предметот граѓанско образование<br>-Тематско процесно и дневно планирање на одделенскиот час<br>- Годишна програма и акционен план на тимот за Превенција од насилното однесување во училиштата и МИО | запознаваат со својата култура и традиција и се поттикнуваат да ја почитуваат, а исто така се запознаваат и учат да ја почитуваат културата и традицијата на учениците кои припаѓаат на други етнички заедници во С.Македонија.<br>За таа цел училиштето се вклучи во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието чија цел е подобрување на соработката помеѓу учениците, наставниците и родителите од различна етничка припадност, почит на сите индивидуи и заедници и остварување на атмосфера на меѓусебно разбирање. Во склоп на проектот се обработуваат наставни содржини на часовите по македонски јазик, историја, граѓанско образование, географија, класична култура во европската цивилизација. Организирани се ликовни творења на дадена тема, изработен е илустративен материјал за историјата, јазикот, обичаите и културата на различните етнички групи кои живеат во Македонија. Во сите наставни и воннаставни активности своите знаења, способности, вештини и умеења ги остваруваат ученици од различен етнички состав.<br>Училиштето организира и заеднички активности со партнер училиштето “Фаик Коница” с.Дебреше-Гостивар кои имаат за цел да ја зајакнат социјалната кохезија и меѓуетничката интеракција меѓу децата и да го унапреди меѓукултурното образование. За таа цел меѓу двете училишта се организираат разни активности.<br>Сите овие активности придонесуваат за успешно промовирање на мултикултурализмот и развивање на свест за прифаќање на различноста и почитување на јазикот, културата и обичаите на другите етнички групи и меѓусебна соработка. |

| | | |
|---|---|---|
| | - **Годишна програма за работа на училиштето 2017/2018 и 2018/2019**<br>**- Годишна програма за работа и записници на тимот за Меѓуетничка интеграција на образованието 2017/2018 и 2018/2019**<br>**- Годишен извештај од работата на училиштето 2017/2018 и 2018/2019**<br>- **Годишно - глобално,тематско процесно и дневно планирање по предметот граѓанско образование, историја, македонски јазик, географија, класична култура во европската цивилизација**<br>**-Тематско процесно и дневно планирање на одделенскиот час**<br>**- Извештаи од реализирани воннаст.активности – Годишен извештај за работата на училиштето**<br>**- Евиденција од учество на ученици вклучени во воннаставни** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **активности** | |

| **4.1** | **Севкупна грижа за учениците** | |
|---|---|---|
| | **Извори на податоци** | **Собрани информации:** |
| | **- Годишна програма за работа на училиштето**<br>**- Годишен извештај за работата на училиштето 2017/2018 и 2018/2019**<br>**- План за заштита и спасување на учениците и вработените од природни непогоди и други несреќи**<br>**- Куќен ред на училиштето**<br>**- Евидентен лист на дежурен наставник и дежурен ученик**<br>**- Увид во доследноса во водењето на евидентни листи на** | Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>**Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето и училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Сите опасни места (штекери, кабли и др. ) во училишната зграда се соодветно заштитени и учениците се свесни за нивното присуство. Училишниот двор е безбеден во текот на целиот работен ден. Примарна заштита и безбедност во училишните простории се обезбедува преку поставување на дежурни ученици и дежурни наставници. За физичкото обезбедување на учениците во училиштето, со одлука на Советот на родители, е организирано обезбедување на учениците со ангажирање на агенција за обезбедување. Во доцните попладневни часови училиштето има чуварска служба. Училиштето има соработка и со локалната заедница на безбедносен план, а по потреба се бара помош и од полицијата. Во училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди. Истиот е истакнат на видно место во училишниот хол на секој од катовите, како и на видно место во секоја училница.** |

| | | |
|---|---|---|
| | **главен дежурен наставник и дежурни ученици**<br>**- Акт за постапување во случај на елементарни непогоди**<br>**- Планот за евакуација**<br>**- Кодекс на однесување на ученици**<br>**- интервју со директор** | Превенција од насилство<br>**Училиштето има програма и протокол како пишан документ во кој етапно се дефинирани постапките за справување со насилното однесување. Во системот мерки, изготвен е кодекс на однесување на учениците. За непочитување на кодексот на однесување утврдени се критериуми за изрекување на педагошки мерки. Евидентирањето на педагошките мерки се врши во педагошката документација и евиденција, за што се известуваат Наставничкиот совет, учениците и нивните родители.**<br>**Во училиштето е изготвен кодекс на однесување за наставниците и кодекс на однесување за родителите кон кои сите се залагаат и придржуваат.**<br>**Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, согласно законските одредби пропишани во чл.53 и чл.172 за што е дискутирано и на седница на Наставничкиот совет. Во случај на поплака, училиштето постапува навремено координирајќи ги своите активностите за заштита и безбедност на учениците со институциите во локалната заедница.** |
| | **- Протокол за справување со насилничко однесување**<br>**- Програма на тимот за Превенција од насилното однесување во училиштето**<br>**- Листа за евиденција на насилно однесување помеѓуучениците**<br>**- Правилник за изрекување педагошки мерки** | **Училиштето е вклучено во програмата за “Превенција на насилно однесување во основните училишта во С.Македонија“. За таа цел во училиштето е функционира тим преку кој се спроведуваат низа активности и работилници во кои учествуваат сите наставници и ученици.** |
| | - **Записник од Наставнички совет**<br>- **Записник од родителски средби (прва родителска средба)**<br>**- Одделенски дневници** | Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>**Училиштето доследно го почитува законот за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанции.**<br>**Според исказот на директорот на училиштето, во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се конзумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.**<br>**Во соработка со локална заедница и општината училиштето наоѓа начин да спречи** |

| | | |
|---|---|---|
| | **- Досиеја на ученици (индивидуални)**<br>**- Кодекс на однесување на учениците, наставниците, родителите**<br>**- Евиденција за изречени педагошки мерки на ниво на училиште**<br>**- Закон за основно образование, чл.53 и чл.172**<br>**- Координативна папка**<br>**- Извештај од работилница на училишен клуб** | **користење алкохол и наркотични супстанции во училишниот двор.**<br><br>Квалитет на достапна храна<br>**Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците. Фирмата закупец на училишната кујна ги исполнува предвидените услови според ХАСАП системот, доставува примероци од храната за испитување на квалитетот на храната.**<br>**Учениците се информирани за здравата исхрана при реализација на содржини од предметите запознавање на околината и природа во одделенска настава и по предметите биологија и вештини за живеење во предметна настава. Изминативе неколку години наназад главен акцент за здравата храна е вклученоста на училиштето во “Еко-проектот“.** |
